УНИВЕРЗИТЕТ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ- СКОПЈЕ

ИНСТИТУТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА

# ПОВРЗАНОСТА НА ГОЛЕМИТЕ ПЕТ ФАКТОРИ НА ЛИЧНОСТА СО КРЕАТИВНОСТА КАЈ НАСТАВНИЦИТЕ ОД СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

***магистерски труд***

Ментор: Кандидат:

Проф. д-р Елена Ачковска Лешковска Ваљдете Адили Селими

Декември 2018

**Содржина:**

**ВОВЕД** 3
**Истражувачки проблем** 4
**ТЕОРИСКИ ОСНОВИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО** 5
**Креативност** 5
Креативноста и културата 7
Еминентна креативност- големо К и секојдневна креативност- мало к 10
Моделот на три компоненти на креативноста 11
Компоненти на креативноста 14
**Личност** 18
Модел на пет фактори на личност 20
Фази во развојот на личноста 24
Креативна личност 26
**Креативноста на наставниците и креативната настава** 29
Стимулирање на креативноста во училница 32
**Релевантни истражувања** 34
**Концептуална дефиниција на варијаблите** 37
**Операционализација на варијабли** 41
**Истражувачки хипотези** 41
**МЕТОД** 42
**Испитаници** 42
**Мерни инструменти** 43
**РЕЗУЛТАТИ** 46
Резултати од дескриптивната анализа 46
Резултати од корелациската и регресивната анализа 52
**ДИСКУСИЈА** 62
**Ограничувања и недостатоци на истражувањето** 67
**РЕЗИМЕ** 69
**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА** 70
ПРИЛОГ 1 77
ПРИЛОГ 2 80

# ВОВЕД

Креативноста претставува феномен кој отсекогаш го фасцинирал како обичниот човек така и научникот. Кога ќе се појави нешто вистински креативно, идеја, уметничко дело или однесување, сите ние се прашуваме: како се случи тоа? Кој го направи? Како не помислив и јас на такво нешто? И само по себе ни се наметнува прашањето, каква е таа личност или нејзиниот начин на размислување што ние другите го немаме? Што ја прави посебна? (Feist, 1999). Да се пронајде што е зедничко кај сите креативни личности бил сон на многу истражувачи. Не е откриен ниту еден тип на креативна личност како прототип, а љубопитноста да се пронајде уште постои (Pace, 2005). На креативноста сите и се восхитуваме, посакуваме да ја имаме повеќе или да можеме да го употребиме тој збор што почесто во опишувањето на луѓето, идеите, одговорите или продуктите. Креативноста не интересира не само поради тоа што нè восхитува, туку поради тоа што таа стои во основа на нашиот културен развој и прогрес. Токму социјалната и културолошка значајност на креативноста направила скоро секој важен психолог на личноста да даде придонес за објаснување на овој феномен, почнувајќи од Фројд, Јунг, Адлер, Скинер, Маслов, Мареј, Роџерс, Кели, Гилфорд, Кател, Ајзенк и ред други. После укажувањето на Гилфорд во 1950 год. дека психолозите треба да обрнат повеќе внимание на една фундаментална област, а која до тогаш била запоставена, имено креативноста, таа станала една од најистражуваните области на психологијата. Иако не ретко психолозите не се согласувале за тоа што точно претставува креативноста, сепак последните 60 години биле скоро сложни во два од нејзините квалитети: дека креативна мисла или однесување е нешто ново/оригинално и корисно/адаптивно. Затоа во стручната литература најчесто креативноста ја среќаваме дефинирана како продукт на нова и оригинална идеја, која е и корисна и адекватна во својот контекст (Sternberg & Lubart, 1999). Улогата на креативноста во животот од секој од нас е тесно поврзана со нашето образование. Робинсон смета дека главната причина за тоа што повеќето луѓе сметаат дека не се креативни е токму образованието (Robinson, 2011). Сите деца тргнуваат во училиште креативни и со самодоверба и до крај на средното образование повеќето од нив го изгубиле истото. Според Робинсон, сегашниот систем на образование не може да го

подготви човекот за новите предизвици, затоа реформирање не е доволно. Потребно е трансформирање кое ќе дојде како резултат на поставување - високи стандарди во кои ќе биде вклучена и креативноста. Образованието има три клучни улоги: лична, културолошка и економска. За да се реализираат сите три улоги, мора во центарот да се стави креативноста. Покрај образовниот систем кој е одговорен за поттикнување на креативноста преку наставните планови и програми, наставникот би требало да е најголемиот промотор на креативноста. Неговата улога е во креирањето простор каде што може да се појави и да се развие креативноста на учениците. Наставникот со креативниот приод кон наставата, ги поттикнува и учениците да бидат слободни и креативно да се изразат. Креативноста е осетлива и без потребната поддршка и дозвола не може да опстои во училница. Присутноста на креативноста во училница е корисна и за учениците и за наставниците. Креативните наставници внесуваат свежина во наставниот процес, тоа прави учениците да се чувствуваат послободни да се изразат, а со тоа нивниот развој е стимулиран. Некреативните наставници, освен што самите не донесуваат нешто ново во наставата, најчесто не ја препознаваат или не ја ценат креативноста кај учениците. Нивниот традиционален пристап кон наставата ја блокира и креативноста на учениците. Во овој труд ќе биде истражувана токму таа поврзаност на особините на личноста на наставникот со неговата креативност како важна тема и предизвик на современиот начин на организирање на наставата.

## Истражувачки проблем

**Дали големите пет фактори на личноста, невротицизам, екстровертност, отвореност кон искуство, соработливост и совесност се поврзани со креативноста кај наставниците од средно образование ?**

# ТЕОРИСКИ ОСНОВИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## Креативност

Иако постојат голем број на дефиниции или пристапи кон креативноста сепак има некои теории кои се највлијателни во современиот концепт за тоа што претставува креативноста, како што е теоријата на Симонтон, Амабиле, Ранко, Торанс и Стернберг кои стојат и во основата на овој труд. Некои теоретичари го истакнуваат важноста на процесот, некои на продуктот а некои други пак важноста на контекстот.

Според Симонтон (Simonton, 2008), постојат 4 потенцијални начини да се дефинира и проучува креативноста. Неговата теорија е позната како теорија на "четири П ":

- Процес (process) – когнитивен пристап
- Личност (person) – карактеристиките на личноста која се залага во процесот на креирање на продуктот
- Продукт ( product) – идејата или објектот кој резултирал и е оригинален и корисен
- Убедување (persuasion) – социјален конструкт кој ја вклучува идејата дека креативните лица влијаат врз другите луѓе да го променат начинот на размислување.

Според неговата теорија, креативноста може да се изучува прво, како процес и техника за решавање на проблеми и во тој случај таа може да се измери преку тестови на дивергентно мислење. Второ, може да се гледа на неа како особина на личноста и да се мери со инвентари на личноста. Трето, може да се дефинира како карактеристика на некој продукт и да се оцени неговата вредност. И четврто, креативноста може да се опише како функција на околината. Социолозите расправаат дека иновациите и откривањата се неизбежни продукти на социокултурниот систем (Simonton, 2004).

Торанс избрал да се фокусира на процесот на креативноста. Според неговите зборови, процесот опфаќа "осетливост за проблеми, воочување на празнини во одредени теории, недостасување на елементи, формулирање хипотези за овие недостатоци, тестирање и

евалуирање на овие хипотези, честопати и нивно ретестирање и ревидирање, и на крај соопштување на резултатите „ (Torrance, 1988, 47). Истражувањата кои се осврнуваат на креативноста како процес придонесуваат истата да се развие преку обуки и програми.

Од друга страна Амабиле (Amabile, 1996), нуди дефиниција за креативноста која во центарот го има продуктот. Некој продукт или одговор ќе биде вреднуван како креативен ако: (а) е нов и соодветен, корисен, коректен или вреден за зададената задача и (б) задачата е хевристичка повеќе отколку алгоритамска. Амабил ги дефинира хевристичките задачи како задачи на кои им недостасуваат дефинирани чекори кои со сигурност водат до пронаоѓањето на решението. Амабиле смета дека кога вреднуваме дали е некој успешен или не во работата што ја врши, ги оценуваме неговите продукти; високо креативните индивидуи - произведуваат креативни продукти. На кретивноста можеме да гледаме како на квалитет на продуктот кој се креира (Amabile,1983).

Друг пристап кон креативноста е пристапот на Стернберг, Боден и Барон кои се ориентирани кон новоста и корисноста. Креативноста е способност да се дојде до идеи или артефакти кои се нови, изненадувачки и вредни, смета Боден (Boden,2004). За Стернберг (Sternberg,1999). креативноста претставува способност да се произведува дејност која истовремено е нова (оригинална, неочекувана) и адекватна (корисна, адаптивна). Исто така, и за Фист креативната мисла или однесување мора да биде и нова-оригинална и корисна-адаптивна (Feist, 1998). Барон нагласува дека ако еден одговор се нарекува оригинален, мора истиот и да биде применлив во реалноста (Barron, 1981).

Многубројни се и дефинициите кои ја опишуваат креативноста како дел од процес. Помеѓу нив најзначајни се дефиницијата од Ранко и Фист.

За Ранко креативноста е корисен и ефективен одговор на еволуциските процеси како дел од процесот на решавање на проблеми (Runco, 2004 ). Фист (Feist, 2003 ) исто така креативноста ја дефинираше како специфична способност не само да се решават проблемите, туку да се решаваат оригинално и адаптивно.

Ајзенк објаснува дека креативоста во било која сфера зависи од повеќе фактори: а) когнитивните способности (пр.интелигенција, знаења, технички вештини), б) социјални

фактори (политички, религиозни, економски, воспитни итн) и в) лични карактеристики (внатрешна мотивација, самодоверба, оигиналност, неконформизам итн). Сите овие или повеќето од нив помалку или повеќе се потребни да се произведе нешто што се смета како креативно постигнување ( Eysenc, 1993 ).

Очигледно дека креативноста е еден од најсложените концепти во психологијата. Валас (Wallace, 1986) смета дека не постои ниту еден заеднички универзален договор за тоа што всушност е креативноста.

Се разбира дека креативниот процес не се случува во вакуум и дека креативниот продукт не е исклучително резултат само на креативната личност. Напротив тоа е резултат на интеракција помеѓу личносните карактеристики, природата на задачата и околностите во кои се случува ( Grosul, 2010)

Јанаков смета дека создавањето е суштествено , а творењето е врвен процесуален облик на општата животна кадарност. Тежнеењето кон создавање е спонтано и природно. Создавањето е неопходно за поетоење и развој, посебно за човечките единки и заедници, човекот непрекинато се менува, се преобразува и се пресоздава ( Јанаков, 2015)

Денес во светот највлијателен е контекстуалниот пристап кон креативноста, пристап кој ја уважува мултидимензионалноста на креативноста и интеракцијата на повеќе сили. Многу модели го поддржуваат овој повеќеслоен концепт како што се Амабиле ( Amabile, 1983), Стернберг (Sternberg, 1995), Гарднер (Gardner, 1993) и Чикзентмихаји (Csikszentmihalyi, 1996).

## Креативноста и културата

Уште една контроверзност што се среќава во литертурата за креативноста е ставот кон прашањето дали концептот креативност има универзално значење или различно се перципира во различни култури (Plucker & Runco 1998). Некои истражувачи веруваат дека тоа е универзален концепт (Guilford 1975, Plucker & Runco 1998), додека друга група

истражувачи мисли дека креативноста различно се перципира во различни култури (Lubart & Stenberg 1995, Rudowicz&Hui 1997 ).

Раните студии на креативноста имаа тенденција истата да ја перципираат како индивидуален процес кој се случува во мозокот на индивидуи кои владеат со потребните карактеристики и искуства за да создаваат нешто ново (Barron, 1968). Во 60-тите и 70-тите години писхолозите почнаа да обрнуваат повеќе внимание на социјалниот контекст во кој се појавува креативноста (Harrington, 1990). Иако социалниот конкетст не беше потполно уважен, сепак беше земен предвид при објаснуванње на настанувањето на креативноста. Во 80-тите и 90-тите години на улогата на културата и беше дадено заслуженото место во процесот на креирање, расправајќи дека " креативното изразување е универзален човечки феномен кој има корени во културата како што и нејзиниот ефект се гледа токму таму, во самата култура " (Rudowicz, 2003).

Студиите за перципирање на креативноста во различните култури имаат различен пристап: прагматичен пристап каде што се следи развојот на креативноста (De Bono, 1971; Osborn, 1953), когнитивен пристап, со цел разбирање на самиот процес (Finke, 1995; Sternberg, 1995) и психометриски, кој се занимава со мерење на карактеристиките на креативните индивидуи (Torrance, 1988).

Перцепирањето на креативноста не е исто во Источната и во Западната култура. Западната култура е повеќе ориентирана кон продуктот на креативноста, додека источната кон процесот на креирањето (Lubbart, 1994). Во источната култура на креативноста се гледа како на "состојба на лично исполнување, поврзување со нашиот внатрешен свет, со тоа што е древно во нас " (Chu, 1970; Kuo, 1996; Mathur, 1982; според Lubbart ,1994 ).

Комбинирањето и организирањето на дразбите е многу битен момент за креативноста, според Стернберг. Во неговиот прирачник за креативноста тој објаснува како источните и западните култури не ја организираат на ист начин информацијата. Во западните култури најчесто се користи таксономскиот пристап додека во источните култури – тематскиот (Sternberg, 1999).

И во руската психологија како главни карактеристики за креативност се наведени новост/оригиналност, продуктивност/адаптивност (Мещеряко и Зинченко, 2007). Творештвото е определено на три начини : а) човечка дејност со која се создава нешто квалитетно ново или социјално вредно, б) човечка дејност во која се создаваат нови (барем за субјектот) резултати, и в) секој развоен процес.
Интернационалниот центар на студии за креативноста во Бафало Стејт Колеџот го истражувал начинот на кој луѓе од различни култури како што се САД (Puchio&Chimento, 2001), Аргентина (Gonzales, 2003 ), Саудиска Арабија (Alkeaid, 2004) и Јапонија (Muneyshi & Kagawa, 2004) ја перцепираат креативноста, односно дали новоста и адаптивноста како елементи на креативноста исто се вреднуваат. Пучајо и Кименто во САД потврдија дека учесниците во ова истражување повисоко ја рангираа новоста од адаптивноста, за нив иноваторот е покреативен отколку тој што адаптира некој објект или идеја (Puchio& Chiment 2001).

Слично истражување е направено и во Аргентина (Gonzales 2003) во кое се покажа дека најчесто припишани атрибути на креативноста се: а) имагинација, б) интелигенција, в) генијалност и г) иновација .

Во Јапонија (Muneyshi & Kagawa, 2004) иноваторот се перцепира како покреативен од тој кој адаптира одредена идеја. Од јапонска перспектива, карактеристиките на еден иноватор се слични на еден уметник. Најчести зборови кои го опишуваат иноваторот се: а) ново, б) креирање, в) уметност и г) интуиција.

Во истражувањата направени во Саудиска Арабија (Alkeaid, 2004), се покажа дека адаптивноста е повеќе ценет атрибут на креативноста од иновацијата. Алкед објаснува дека ова се должи на вредностите кои ги пренесуваат семејството, образованието и работното место кои иновацијата честопати јо перципираат како непрактичност, абразивност и непочитување на колективното мислење.

Од сите овие студии реализирани на различни места, Гонзалес (Gonzales, 2005) заклучил дека имплицитните теории на креативноста кај луѓето не одговараат на теоријата на Киртон (Kirton, 1989) дека адаптивноста и иновативноста се перципират поеднакво во сите култури.

**Еминентна креативност- големо К и секојдневна креативност- мало к**

Симонтон во своите истражувања пронајде дека наједноставниот и истовремено најдобриот предиктор за еминентната креативност е времето вложено во една област (Simonton, 1984). При крајот на неговата кариера, Дарвин имал 119 научни публикации, Ајнштајн 248, Голтон 227, Бине 277, Вилијам Џејмс 307 и Зигмунд Фројд 330. Симонтон заклучи дека креативните поедници генерираат голем број идеи или продукти и после истите ги изложуваат на естетско, научно или социјално оценување. Само неколку од овие продукти добиле доволно признание за да станат еминентни. Признавањето е добиено за квалитетот на продуктот, а делумно признавањето зависи и од произведувањето во вистинско време и вистинско место. Спремноста да се создава како и спремноста да се продолжи понатаму и покрај неуспехот во голема мера ја зголемува можноста да се стане еминентен. Истражувачите сугерираат дека повеќето познати креативци покажуваат исти тенденици. Оригиналноста е едната од нив. Повеќето еминентни креативци го посветиле целиот свој живот на виртуозноста. Друга заедничка тенденција на креативните поединци е експретизата. Тие развиваат богато и детално знаење кое им овозможува да разберат што е најбитно во рамките на областа во која работат. Но, оригиналноста, виртуозноста и експертноста се едниот дел од целата приказна, а социјалниот аспект е тоа што ја прави приказната цела. Експертите во областа се тие кои го препознаваат високото ниво на перформанса и еминентноста во својата област. Еминентната креативност за разлика од секојдневната креативност се сфаќа како социолошки феномен, затоа што еминентно креативните поединци со своите дела и креации влијаат врз начинот на кој луѓето размислуваат (Runco, 2004).

Општо е познато дека креативноста е важен и потребен дел за развојот на поединецот и неговата активност. Таа не е ни ексклузивно резервирана за некои поединци ниту за некои области или нивоа на работа. Таа се манифестира во неколку форми и е дел од еден процес кој води кон некој резултат. Димензијата време е многу битна за

креативноста, бидејќи креативноста се јавува често после еден обичен, тежок дури репетитивен период на работа. Многу истражувачи потенцираат дека времето е есенцијално за да се појави креативноста и креативните продукти да се произведат.

Несогласувањата за тоа што е креативноста постоеле уште од древно време. Мислењата се движеле од мистериозната "еурека" на Архимед, до креативноста како занаетчиство на Аристотел (Madden, 2004). Класичната дихотомија помеѓу "еминентната" и "секојдневната" креативност уште е присутна и во сегашните конципирања и дефиниции. Чиксентмихаји (Csikszentmihalyi, според Yu-Sien Lin, 2011) вели дека во времето на ренесансата креативноста можеби била луксуз на неколкумина, но сегашниот живот прави креативноста да биде потреба на сите. Ваквиот осврт кон креативноста зборува за улогата која истата ја има не само во градењето на личната самоактуализација, туку и во подготвувањето на младите за секојдневниот живот. Крафт ( Craft, 2001) мисли дека малото к го претствува начинот на кој ние се снаоѓаме во животот. Креативниот потенцијал е дел од основната човечка тенденција да конструира лични интерпретации и информацијата да ја асимилира согласно со тоа како го доживува. Основната идеја е дека секое размислување или решавање на проблем кој вклучува конструкција на некоја нова смисла е всушност креативност. Креативноста е начин на самоизразување.

## Моделот на три компоненти на креативноста

Голем број теоретичари, употребувајќи различни истражувачки методи и експерименти, се обидуваа да дојдат до вистинските извори на креативноста на индивидуата. Иако овие обиди придонеле многу во развојот на оваа област, сепак постојат големи несогласности помеѓу нив, како и нецелосни модели кои ги нудат.

Сепак, когнитивната психологија нуди најплодни и најразвиени перспективи за изворите на креативноста на индивидуата. Во 1950 година Гилфорд истакнал дека креативноста заслужува повеќе внимание отколку што и è посветено дотогаш. Неговата изјава на некој

начин се смета за поттик на истражувањата кои следеа после таа година, кои се прошириjа не само на самата креативност, туку и на карактеристиките на креативната личност, на развоjот на креативноста и неjзиното манифестирање во текот на животниот век на човекот како и на надворешните фактори кои влиjаат врз неа (Simonton, 1984).

Тереза Амабиле даде придонес во областа нудеjќи jа неjзината скромна но сеопфатна теориjа за трите компоненти на креативноста кои делуваат во интеракциjа:

-знаење, севкупното знаење на индивидуата кое е релевантно за креативниот труд;

-креативно мислење, кое е поврзано со тоа како луѓето пристапуваат кон проблемите и главно зависи од личноста и стилот на размислување;

-мотивациjа, коjа генерално е прифатена како клуч на креативната продукциjа и наjбитни мотиватори се внатрешните мотиви, страста и интересот.

Амабиле го опишува **знаењето** како севкупна информациjа коjа е релавантна да се донесе до свеста кога се решава одреден проблем. Гарднер оди подалеку и обjаснува дека потребни се два вида на знаење кога станува збор за креативноста: продлабочено знаење до кое е доjдено со долга фокусираност во специфична област коjа не прави експерти, и истовремено и способност да се комбиираат различни елементи на нов начин, значи ширина на знаења и вариjабилност на интереси (Gardner, 1993).

Истражувањата направени од Симонтон (Simonton, 2003) ,исто така, зборуваат за улогата на знаењето во креативноста. Користеjќи голем примерок на успешни индивидуи во неговите историометриски истражувања на квантификување на квалитетот (на пр. нивната развоjна или социjална средина) како и други битни податоци, се обиде да даде некои законитости во однос на изворите на креативноста, кои jа поддржуваат идеjата за потребните продлабочени знаења на ниво на експертиза за да се креира нешто ново. Симонтон обjаснува дека со потполна доверба можеме да заклучиме дека исходот е поврзан со количината на времето кое личноста го вложила во креативноста.

Амабиле исто така зборува и за клучната улога на **креативното размислување** во креативниот процес. Таа ги предлага како клучни овие аспекти на креативното размислување :

-дозволување на несогласување со другите и истражување надвор од познатите или безбедните области;

- комбинирање на знаења од други области;

- способност да се истрае и при тешки проблеми;

- способност еден момент да се оддалечи од проблемот и да му се врати подоцна со нова, свежа перспектива .

Стернберг (Sternberg, 1989) во своите истражувања за поврзаноста на интелигенцијата со креативноста, зборува за три најважни аспекти на интелигенцијата кои се клуч за креативноста: синтетичноста, аналитичноста и практичноста.

-*синтетичноста* овозможува проблемот да се редефинира и да се гледа остроумно, така што се прави разлика помеѓу релевантното и ирелевантното, тоа што е релевантно се задржува, се комбинира на нов начин и на крај новото се поврзува со старото на нов начин.

-*аналитичноста* е инволвирана во креативноста како способност да се оцени вредноста на сопствените идеи, да се евалуираат нивните јаки и слаби страни, со цел истите да се подобрат.

-*практичноста* се однесува на способноста секојдневно да се аплицираат интелектуалните вештини и истите да се “продаваат“.

Повеќето теоретичари гледаат на **мотивацијата** како најбитна компонента на креативноста. Поголемиот дел од работата на Амабиле е фокусирана токму на внатрешната мотивација и нејзината улога за креативноста во училницата. Амабиле објаснува дека толку многу докази се пронајдени за улогата на внатрешната мотивација, што едноставно е артикулирана како *внатрешениот принцип на креативноста*: луѓето се

покреативни кога се мотивирани од сопствениот интерес, задоволството или се привлекувани од самата работа, а не од надворешни притисоци (Amabile, 1996).

Според Амабиле, лицето кое е надворешно мотивирано ќе одбере најкраток начин, најочигледен за да стигне брзо до наградата, додека лицето кое е внатрешно мотивирано, ќе истражува различни начини и алтарнативи, оставајќи време за себе да ужива низ целиот тој процес. Ова истражување ќе го носи кон нови, алтернативни решенија од кои некои може да бидат уште посоодветни од вообичаениот начин. Сепак, надворешната мотивација е потребна или добра кога лицето треба да стапи во контакт со некоја тема или област која би ги побудила внатрешните интереси или мотивација. Амабиле истотака зборува дека различна мотивација игра улога во различен момент на креативноста. Кога сакаме нешто ново, внатрешната мотивација е најпотребна, ако сакаме истрајност, надворешната игра поголема улога.

Стернберг пишува дека еден од најголемите предизвици на истражувањата за креативноста е да откријат која е општата вистина на креативните лица, што е тоа што е секогаш присутно кај нив, не само што обично е присутно (пр. самодовербата, некогаш е висока, некогаш е ниска) туку нешто што е фундаментално. Стернберг зборува дека мотивацијата е најверојатно тој конзистентен атрибут на секоја успешна креативна личност (Sternberg, 2002).

## Компоненти на креативноста

Кога зборуваме за компонентите на креативноста, најчесто почнуваме од тридимензионалниот модел на способностите кој го нуди Гилфорд. Според неговата теорија, која се претставува како паралелопипед со три влеза, секоја способност се одредува од тројната интреакција на трите димензии : менталните процеси или операции, содржините и продуктите ( Guilford,1975). Со овој модел Гилфорд го објаснува мисловниот процес при креативното и некреативното решавање на проблеми. Според него, задачите кои имаат еден точен одговор бараат конвергентно мислење, додека задачите за кои се можни повеќе решенија, бараат дивергентно мислење. Кај креативните

лица е развиена способноста за дивергентно мислење, а вредноста на дивергентната продукција се проценува врз основа на тоа дали продуктот ги содржи следните компоненти :

**Флексибилност** (flexibilitas-, растегливост, еластичност) претставува компонента на мислењето кое е во постојана промена, кое се состои од непрекинато прифаќање и отфрлање на информациите и од постојано поттикнување на фантазии. При тоа се јавува мошне интересен и навидум апсурден однос на творецот кон реалноста. Од една страна тој не ѝ е прилагоден и не ја прифаќа, а од друга страна некои нејзини елементи го воодушевуваат и предизвикуваат (Тодорова, 1994).

Флексибилноста се однесува на продуктивноста на идеи кои претставуваат цела палета на мислење. Ја вклучува можноста да се перцепират нештата од друг агол, да се користат различни пристапи или стратегии (Torrance, 1977).

Постојат два вида флексибилност: спонтана и адаптивна. Спонтаната се јавува во релативно неструктуирани ситуаци, кога природно доаѓа до менување на насоченоста во мислењето. Адаптивната флексибилност се манифестира во решавање релативно структуирани ситуации кои јасно бараат варијации во мислењето. Адаптивната флексибилност бара ослободување од инерцијата во мислењето (Тодорова, 1994).

Според Ранко (Runco, 1985) флексибилноста е подобар дискриминатор на надарените од ненадарените отколку оригиналноста или флуентноста. Најчести инструкции за поттикнување на флексибилноста се: Промени!, Демонстрирај!, Направи разлика!, Интерпретирај !, Вметнувај! и Предвидувај!.

**Флуентноста** е уште еден елемент на креативноста која се однесува на генерирањето на што е можно поголем број идеи или алтернативни решенија. Флуентноста вклучува и разбирање, а не само меморирање на наученото ( Torance, 1977).Смалената контрола и отсуството на критичко размислување во текот на продукцијата на идеи, придонесуваат испитаниците да постигнуваат повисоки резултати во овој квантитативен аспект на креативноста (Арнаудова,1996). Може да биде од различен вид: флуентност на идеи,

зборови, претстави, асоцијативна флуентност, флуентност на разлики, на релации, флуентност на изнаоѓање ралични можности (Тодорова, 1994).

*Флуентност на идеи* претставува способност на создавање што е можно поголем број идеи кои имаат смисла. Во тестовите со кои се мери оваа флуентност, од испитаниците се бара да набројат што е можно поголем број предмети, појави, ситуации или последици поврзани со конкретна појава. На пример : Кои последици би се јавиле доколку луѓето престанат да одат на работа?

*Флуентноста на зборови* ја означува способноста за брзо произведување зборови во опредлен временски рок. Тестовите кои ја мерат оваа способност обично од испитаниците бараат да произведуваат што поголем број зборови од одредена категорија (на пр. со конкретен суфикс, префикс, итн.) во определено време.

*Асоцијативната флуентност* претставува способност да произведуваат и комплетираат односи, синоними, аналогии, сличности, додека *експресивна флуентност* е способност да се произведуваат и организираат идеи во соодветни системи, структури, групи или категории. Најчести инструкции за потикнување на флуентноста се: Наброј! Опиши! Објасни! Идентификувај! Парафразирај! Сумирај! Спореди! Дефинирај! и Конвертирај!

**Оригинално** е она мислење кое поседува необични, ретки, неповторливи, изворни и духовити идеи. Терминот доаѓа од латинскиот збор origo што значи почеток или зачеток и подразбира настанување на нешто ново.

Оригиналните идеи се раѓаат по пат на спонтано и слободно комбинирање, по пат на асоцијативна игра, реконструкција и трансформација на веќе дадените структури, при што истите се и применливи, соодветни и поседуваат реална основа (Арнаудова,1996).

Гилфорд тврди дека оригиналноста може да се определи со помош на тестови конструирани врз следниве принципи: 1. Способност да се даваат одговори кои се статистички ретки во популацијата, 2. Способност да се дават далечно поврзани одговори чии асоцијации се индиректни, и 3. Способност да се даваат проникливи и духовити одговори. Забележително е дека оригиналните идеи имаат изразита индивидуалност и едниственост, но мора да се внимава на фактот дека овие особености исто така може да се

резултат и од извесна наместена ексцентричност, екстравагантност и екстремност. Во тој случај необичните идеи произлегуваат од желбата на човекот да биде исклучителен по секоја цена, а не од неговата природност и спонтаност, што е карактеристика на вистинската креативна личност (Тодорова, 1994).

Во тестовите на Торанс за мерење на креативноста, оригиналноста се мери така што се бројат идеите кои се ретки, идеите кои се несекојдневни и единствени (Torrance, 1990, Torrance & Ball, 1984):

**Осетливост за проблем** претставува способност да се согледаат недостатоците или потребите за промена на тоа што веќе постои, или да се забележат проблеми кај вообичаени предмети, а се базира на развиената сензитивност (Арнаудова и Ачковска-Лешковска, 1996).

Општо, **новоста** е претставување или креирање на нови нешта, релации и поврзувања во животот. Човештвото постојано се конфронтира со новости на изненадувачки начин и сепак работите остануваат исти. Новоста секогаш содржи нешто старо во себе, но модифицирано. Секоја новост е резултат на некој креативен чин и секој креативен чин содржи нешто ново. Новоста може да биде во вид на ајтеми, индивидуални и уникатни работи; во вид на проблем, прашање или одговор, во вид на категорија, настан или релација.Новоста константно се произведува во универзумот. Новиот елемент се комбинира со стариот и произведува трет, како резултат на тој момент на постоењето. **Елаборацијата** претставува уште една компонента на креативноста. Тоа е процес на опишување на идеите со обезбедување на што повеќе детали. Секој додатен детал, опишување, го зголемува интересот за одередена област или тема, како што и помага во разбирањето на истата. Торанс елаборацијата ја опишува како способност на индивидот да ги развие идеите. (Torrance & Ball, 1984; Torrance, 1990). Најчести инструкции при елаборација на идеите или продуктите се: Оценувај!, Детерминирај!, Суди!, Процени!, Измери!, Селектирај!, Тестирај! и др.

## Личност

Кога зборуваме за нечија личност, ние всушност зборуваме за тоа што ја прави некоја индивидуа различна од другите, дури и уникатна. Индивидуалните разлики се клучни за некои од теорите на личноста (Boree, 2004). Во неговата книга за теориите на личноста Бори зборува како и после толку истражувања и теории некои од филозофските дилеми или претпоставки за личноста сеуште остануваат неразјаснети. Дали личноста е детерминирана или има слободна волја ? Односно, дали навистина личноста прави свои избори или сè е само илузија?

Другата дилема се движи помеѓу уникатноста и универзалноста. Дали личноста е уникатна или пак постојат законитости со кои може да се објасни однесувањето на сите луѓе? Следната, дали личноста е свесно или несвесно мотивирана за своите акции? Личноста се формира рано или покасно во животот? Постојат конкретни фази низ кои поминува развојот или не? Зависно од тоа кои се одговорите на психолозите за овие дилеми, тие развиле свои теории. Во областа на психологијата на личност, три школи кои дале најголем придонес се психоаналитичката, бихејвиористичката и хуманистичката школа. Психоаналитичката теорија на Фројд личноста ја опишува како резултат на несвесните мотиви кои можат да се откријат во соновите, лапсусите или фантазиите. Бихејвиористите се ограничиле само на видливото однесување на личноста и истото го објаснувале преку ситуациските детерминанти, очекувањата или искуството. Неколку години подоцна Бандура ја признал улогата на когнитивниот процес во оформувањето на однесувањето. Третата школа, хуманистичката психологија која се појавила како реакција на првите две, го потенцира човечкиот капацитет да мисли, сака и расте. Овие три приоди може да ги сметаме како три различни филозофии за човечката природа. Секој од нив на свој начин придонел во развојот на психологијата на личност со тоа што истакнал одреден аспект на личноста, обидувајќи се да ја опише преку различни црти и објаснувајќи ги индивидуалните разлики. Класичната психоаналитичка теорија на Фројд, на пример, тврдела дека психосексуалните конфликти во детството и развојот на одбранбените механизми водат кон формирањето на трајните карактерни особини, како на пример оние што го карактеризираат аналниот карактер. За психоаналитичарите, уредноста, точноста,

чистотата се резултат на фиксација во аналниот период на разввојот. Од друга страна, бихејвиористите во објаснувањето на развојот на особините на личноста поаѓаат од социјалното учење, односно од влијанието на моделите кои ги следиме. Додека пак Маслов, како истакнат хуманистички ориентиран психолог, индивидуалните разлики ги објаснува со развојот на нивото на мотивите. Иако овие теории се занимаваа со особините на личноста, сепак интересот кон цртите на личноста беше периферен. Моделите кои беа потполно ориентирани кон цртите на личноста, на систематизиран начин дојдоа подоцна, иако почетоците можат да се забележат уште кај Олпорт. Точно тоа се обидуваа да направат Коста и Мекри, нудејќи модел на пет фактори на личноста (McCrae & Costa, 1996, 1999), теорија која е заснована врз истражување на цртите на личноста.

Личноста и нејзиното оценување се блиску поврзани со јазикот (Costa & McCree 1999). Сите јазици и култури имаат зборови кои опишуваат карактеристики на личноста, индивидуални разлики кои обично се однесуваат на стилови на мислење, однесување или чувствување (Dixon, 1977). Со структурата на личностапсихолозите обично го опишуваат моделот на коварирање помеѓу овие црти, обично сумирани во мал број на фактори кои ги презентираат базичните димензии на личноста. Ако овие црти кај личноста се градат и се формираат под влијание на ретки искуства од детството или од религиозни и морални вредности, тогаш различни црти на личноста можат да се најдат во различни култури, но ако цртите претставуваат варијации на основните човечки однесувања или доживувања, тогаш станува збор за универзална структурта на личноста. Особините на личноста, различно од физичките, не можат да бидат директно измерени, туку до нив доаѓаме од моделите и комплексното однесување.

Истражувачите сеуште дебатираат околу прашањето колку фактори се доволни за да ги опишат основните тенденции на една личност (Costa & McCrae, 1987; Eysenck, 1993; John et al.,2008 ). Некои расправаат за пет, некои за три, а некои за повеќе од пет фактори.

Како и да е, повеќето современи психолози се уверени дека моделот кој најдобро ја презентира структурата на личноста е моделот на петте фактори која ќе биде презентирана во продолжение (Digman, 1989).

**Модел на пет фактори на личност**

Според овој модел, повеќето црти на личноста можат да се опишат во рамките на пет базични димензии: невротицизам (N), екстраверзија (E), отвореност кон ново искуство (O), соработливост (A) и совесност (C). Секој од овие големи фактори содржи одреден број на посебни особини или црти. Ревидираниот НЕО инвентар на личноста (НЕО-ПИ-Р; Costa & McCree,1992) е конструиран за да го операционализира моделот на петте фактори (ФФМ) со 30 специфични субскали, по 6 за секој фактор. Структурата на овие 30 скали многу често се повторувала во различни истражувања и пронајдени се истите особини и кај женскиот и кај машкиот пол, кај постарите и помладите, кај испитаници од белата и од другите раси (Costa & McCrae, 1992).

Првата димензија е **невротицизам** (N) и се однесува на хроничното ниво на емоционално приспособување и нестабилност. Висок скор на N идентификува лица кои се склони кон психолошки стрес. Субскалите кои ја сочинуваат оваа димензија се: *анксиозноста*, *хостилноста* или *непријателството*, *депресијата*, *инхибираноста*, *импулсивноста* и *вулнерабилноста ( ранливоста)*. Анксиозната личност е исплашена, загрижена, нервозна, напната и раздразлива, додека личноста со низок скор на анксиозност е смирена , релаксирана и обично не влегува во ситуации кои можат да тргнат наопаку. Личноста со висок скор на *непријателство* е гневна, фрустрирана и огорчена додека личноста со низок скор е лежерна. Високиот скор на *депресивност* покажува дека личноста е тажна, безнадежна, осамена и чувствува вина, додека личноста со низок скор на оваа субскала многу ретко доживува вакви чувства, но не значи по автоматизам дека е среќна и весела. Друга субскала на невротицизмот е *инхибираноста.* Високиот скор на оваа субскала покажува дека личноста доживува непријатност кога е со други луѓе, срамежливост и социјална анксиозност. Нискиот скор на оваа скубскала не значи задолжително дека личноста има добри социјални вештини, само значи дека се помалку вознемирени од непријатни социјални ситуации. *Импулсивноста* во НЕО-ПИ-Р се однесува на неспособнста да се контролираат желбите и нагоните иако личноста може подоцна да зажали зошто не успеала да одолее на однесувањето. Нискиот скор на оваа субскала покажува дека личноста може да одолее на импулсите во конкретна ситуација и дека е потолерантна кон фрустрациите. Последната субскала на невротицизмот е

*вулнерабилноста* (ранливоста). Личноста со висок скор на *ранливост* не може да се справи со стрес, во итни ситуации станува зависна, безнадежена или панична.

Другиот голем фактор е **екстравертноста (Е),** која се однесува на количината и интензитетот на склопот интерперсоналните интеракции , нивото на активност, потребата за стимулација и капацитет за радост. Висок скор на Е идентификува лица кои имаат тенденција да бидат активни, зборлести, лица кои се ориентирани кон оптимизам, забава и љубов. Екстравертноста исто така е сочинета од 6 субскали. Првата е *срдечност* (топлина ). Личноста со висок скор на оваа субскала е приврзана и друштвена, вистински ѝ се допаѓаат луѓето и лесно креира блиски релации со другите. Нискиот скор на срдечност е показател на формалност, резервираност и одалечност. *Друштвеност* е следниот аспект на екстроверзијата. Високиот скор покажува преферирање на присуство на други луѓе, што повеќе толку повесело, а нискиот скор покажува тенденција да се биде осаменик, ниту активно бара, ниту избегнува друштво. *Самоувереност* е третата субскала,на која високиот скор покажува доминантност и сила. Личноста со висок скор на оваа субскала зборува гласно, често пати е лидер на некоја група, додека личноста со низок скор претпочита да остане во позадина и да ги остави другите да зборуваат. *Активност* е четвртиот аспект на екстроверзијата, каде високиот скор покажува брзо темпо, енергични движења и потреба да се биде зафатен. Нискиот скор покажува релаксирано темпо, но не и мрзеливост или слабост. *Трагање по возбуда* е следниот аспект. Високиот скор на оваа субскала покажува желба за возбуда и стимулација, таквите индивидуи обожаваат светли бои, бучни места, додека личности со низок скор имаат помала потреба за возбуда и преферираат живот кој на личноста со висок скор би му бил здодевен. *Позитивни чувства* е последната субскала. Личноста која на неа добила висок скор е среќна, лесно и често се смее, весела е и оптиистична, додека нискиот скор не значи отсуство на среќа, туку помала темпераментност.

Третиот голем фактор е **Отвореност кон доживување на нови искуства**, (кратенка од оригиналот: О од Openness), а се однесува на активно барање искуствата кои личноста со задоволство сака да ги доживува. Висок О ги идентификува лицата кои се љубопитни, креативни и подготвени да се забавуваат, лица кои постојано имаат нови идеи и неконвенционални вредности. Отвреноста кон ново искуство е истотака сочинета од 6 субскали, од кои првата е *фантазија*. Високиот скор на оваа субскала покажува жива

имагинација и активна животна фантазија, при што дневното сонување не е во функција на бегство од реалнота, туку во функција на креирање интересен живот, додека личноста со низок скор претпочиа да се фокусира на конкретна работа. Следна субскала е *естетиката*; личности со висок скор на оваа субскала длабоко ја ценат уметноста и убавината, тие се допрени од поезијата, од музиката и интригирани од ликовната уметност. Независно од тоа дали имаат таленти или не, нивниот интерес за уметност ги води кон развивање широко знаење за уметноста. Нискиот скор на оваа субскала значи дека личноста е релативно несензитивна и незаинтересирана за уметност и убавина. *Чувства* е третата субскала; високиот скор покажува дека личноста доживува длабоки емоционални состојби и дека и среќата и несреќата ги доживува поинтензивно од другите. Низок скор на оваа субскала покажува дека личноста не верува дека чувствата се толку важни. *Акција* е четвртата субскала; високиот скор покажува дека личноста сака новости и промена на познатото и рутината, а со време може да развие различно хоби, додека нискиот скор е показател на тешко прифаќање на промена и најчесто бира тоа што го знае. *Идеи* е следната субскала; вискиот скор покажува дека личноста ужива во филозофско аргументирање и во секакви активности кои го активираат мозокот. Отвореност кон нови идеи не мора да значи дека личноста има и висока интелигенција иако може да придонесе во развојот на интелектуалниот потенцијал. Низок скор на оваа субскала покажува ограничена љубопитност; иако личноста е високо интелигента, нискиот скор на идеи значи дека сепак има тесен фокус на привлечни теми. *Вредности* е последната субскала на овој фактор; висок скор значи дека личноста е спремна да ги истражува социјалните,политичките и религиските вредности, додека нискиот скор покажува затвореност и прифаќање на авторитет и традиција. **Соработливост** (кратенка од оригиналот: А од Agreeablness) е четвртиот фактор, а се однесува на видовите на интеракции на поединецот и претпоставува еден континуум од сочувство до антагонизам. Висок скор на А идентификува лица кои имаат тенденција да бидат "со меки срца", добра нарав и карактер, лица што веруваат на други, лица што простуваат и што се алтруистички настроени. И четвртиот фактор е сочинет од 6 субскали, каде *доверба* е првата. Високиот скор на оваа субскала покажува дека личноста верува дека другите се добронамерни и искрени, а нискиот скор покажува дека личноста има тенденција да биде скептична, цинична и да се сомнева дека другите се опасни или неискрени. *Искреноста* е другата

субскала, каде високиот скор покажува љубезност, наивност и чесност, додека нискиот скор покажува дека личноста е спремна на манипулирање на другите, ласкање, лукавство и мамење. *Алтруизам* е третата субскала, на која високиот скор покажува грижа за другите, великодушност и спремност да се помогне. Луѓето со низок скор на оваа субскала се повеќе концентрирани на своите проблеми и не сакаат да се мешаат во проблемите на другите. *Попустливост* е четвртата субскала на Согласност, високиот скор покажува дека личноста е кротка и блага додека нискиот скор покажува агресивност, личноста повеќе сака натпреварување отколку соработка, честопати е подготвена и да покаже гнев. На субскалата *скромност* , високиот скор покажува неистакнување на сопствените квалитети и постигнувања, иако не недостига самодоверба, додека нискиот скор покажува чувство на супериорност која не ретко од страна на другите се доживува како фалбаџиство, па дури и арогантност. *Благ темперамент* е последната субскала високиот скор покажува дека личноста е хумана, а нискиот скор покажува дека личноста се доживува како повеќе реалистична, која донесува рационални и ладнокрвни одлуки.

Последниот фактор е **совесноста** (кратенка од оригиналот: C од Conscientiousness) –и тој оценува степен на само-организација, истрајност, самоконтрола, мотивација кон одредена цел. Висок скор на C идентификува лица кои имаат тенденција да бидат организирани, вредни, само-мотивирачки, точни, коректни, амбициозни и истрајни, на кои другите можат да се потпрат. И последниот фактор го сочинуваат 6 субскали, почнувајќи од *компетентност*. Високиот скор на *компетентност* покажува дека личноста е добро подготвена да се соочи со својот живот. Нискиот скор покажува дека личноста има ниско мислење за своите способности и честопати го признаваат тоа. *Потреба за ред* е следната субскала, каде високиот скор покажува дека личноста е добро организирана и сѐчува на свое место. Нискиот скор е показател на неметодичност и неорганизираност. *Исполнителност* е третата субскала. Нискиот скор покажува строго придржување до принципи и исполнување на морални обврски, додека личнооста со низок скор на оваа субскала е повеќе независна. *Насоченост кон постигнување* е четвртата субскала. Високиот скор е показател на високи аспирации и работливост за постигнување на поставени цели, додека личноста со низок скор нема амбиции, не ја води желбата за успех, а понекогаш е и мрзелива. *Самодисиплина* е следната субскала, на која личноста со висок скор е мотивирана да ја заврши секоја работа за која се нафатила и покрај здодевноста која

може да се појави, додека нискиот скор е показател на прокрастинација, лесно се демотивира и е склона кон прекинување на активноста. *Промисленост* е последната субскала, каде високиот скор покажува дека личноста е одговорна и ги зема предвид сите работи пред да дејствува, додека личноста со низок скор избрзува и често зборува без да мисли на последиците.

**Фази во развојот на личноста**

Како што е спомнато погоре во текстот, едно од клучните прашања во психологијата на личноста е дали развојот на секој поединец поминува низ фази, и ако да, дали се тие исти за секоја личност. Во продолжение ќе бидат презентирани некои од најпознатите теории кои сметаат дека личноста се развива низ определени стадиуми низ кои созрева емоционално и интелектуално. Психоаналитичката теорија на Фројд, теорија која смета дека сексуалниот нагон е најважен за развојот на личноста, зборува за пет психосексуални фази. Првата е орална фаза која почнува од раѓање и трае до 18 месеци. Ва оваа фаза устата е извор на задоволството, цицањето, гризењето се омилени активности на новороденчето. Бебето го запознава светот преку неговата уста. После оваа фаза следи аналната фаза која трае од 18 месеци до 3 или 4 година каде што контролирањето на анусот е главното задоволсво на детето. Од 4 до 7 години следи фалусната фаза каде што допирањето и играњето со гениталните органи се најголема сатисфакција на детето. Следи латентниот период од 7 години до пубертет, фаза во која Фројд сметаше дека сексуалниот нагон се потиснува и енергијата е насочена кон учењето и другите школски активности. Последна фаза е гениталната фаза, кога личноста е сексуално активна и главното задоволство е сексуалниот однос.

По психоаналитичката теорија на Фројд, најпозната теорија на развојот на личноста е психосоцијалната теоријата на Ериксон. Според Ериксон, личноста поминува низ осум фази на развој при што во секоја од нив се среќава со одреден предизвик или пресвртна точка, што Ериксон ги опишува како кризи ( Табела 1). Својата теорија Ериксон ја развил врз темелите поставени од Фројд со тоа што го дода*л и влијанието на општеството и културата, додека Фројд го истакнуваше најмногу конфликтот помеѓу идот и суперегото (Boeree, 2004 ). Како што е прикажано во табелата 1, секоја од фазите има свои цели,

постигнувања и опасности. Секоја криза, исто така, има свои позитивни и негативни последици. Начинот на кој е решена секоја од кризите влијае врз понатамошниот развој на личноста и има долготраен ефект врз сликата за себе. За да се развие егото, личноста треба успешно да ги совлада кризите кои претежно се од социјална природа.

Табела 1. Фази на психосоцијалниот развој според Ериксон (Musai, 1999)

| **Возраст** | **Криза** | **Добиен квалитет** | **Основни потреби** |
|---|---|---|---|
| (0-1 година) | Доверба/недоверба | Надеж | Новороденчето има потреба за храна, грижа, стабилност и одговорност од страна на родителите |
| (1-2 год. ) | Автономија/срам | Волја | Детето почнува повеќе само да се контролира, посветеност од страна на родителите но исто така и избегнување на презаштитеност. |
| Рано детство (3-6 год.) | Иницијатива/ вина | Цел | Следи активности, признава и почитува правила, користи имагинација, игра улоги на возрасни. |
| Школска возраст (7-12 год) | Компетентност/ инфериорност | Компетентност | Ужива во активности во училиште и во соработка со возрасни. |
| Адолесценција (13-18) | Идентитет/ конфузија | Верност | Трагање по идентитет базирано на искуството во претходните кризи. |
| Рана младост (19- 40) | Интимност/ изолација | Љубов | Продлабочени односи со другите, искреност и посветеност кон другите. |
| Зрелост ( 41-65) | Продуктивност/стагнација | Грижа | Воспитување на децата,активно учество во воспитувањето на новата генерација, креирање. |
| Старост (66+ ) | Интегритет/ разочараност | Мудрост | Консолидирање на чуството на исполнетост и прифаќање на смрт. |

Постојат и критики за овие теории. Фројд е најмногу критикуван за доминантноста на сексуалниот нагон и отсуството на културолошкиот елемент во неговата теорија. Бори напоменува дека треба да имаме предвид дека поминати се повеќе од 100 години од времето кога е создадена неговата теорија, па перципирањето на секуалноста е драматично сменето од тогаш, бидејќи не претставува толку табу тема, а и положбата на жените во општеството е исто така доста сменета (Boeree, 2004). Фазите предложени од Ериксон, иако го вклучуваат културолошкиот момент, сепак не ги земаат предвид сите разлики во културите. Така, на пример, во некои култури бебето се дои до 6 месеци, контролирањето на дефекација до 9 месеци, некаде децата на 13 години се сметаат зрели за брак итн. (Musai,1999).

## Креативна личност

Според студијата направена од Хуц и соработниците (Houtz et al. 1994) најдено е дека способноста да не се брза во одлучувањето како и отвореноста кон што поголема палета на надворешни стимулуси се поврзани со способноста да се произведуваат повеќе оригинални идеи. Ајзенк (Eysenck 1993) тврдеше дека креативните луѓе претпочитаат комплексност наспроти едноставност. Ова се должи на нивниот инклузивен начин на размислување при што кај креативните индивидуи се зголемува можноста да се појават необични асоцијации.

Смит и Тегано (Smith & Tegano,1992) истакнуваат дека црти на личноста кои го потенцираат креативното однесување се: преземање ризик, разиграност, хумор, отвореност кон ново искуство, слобода, флексибилност и оригиналност. Во една од нивните студии се покажа дека креативната група на учесници има повисок скор на сликата за себе која имплицира подобро психосоцијлно прилагодување од помалку креативните поединци.

Хелсон, Агроник и Робертс (Helson, R., Roberts, B., & Agronick, G, 1995) ги опишуваат креативните луѓе како личности кои не осудуваат, имаат развиена асертивност и висока енегија која ја вложуваат во нивната работа. Други карактеристики на нивната личност се:

комплексноста на нивното согледување, толеранатноста кон двосмисленоста, неконвенционалност и ширина на мислењето. Понекогаш доживуваат депресивни моменти и фрустрираност кога се блокирани во нивниот креативен стремеж. Креативните поединци типично имаат голема енргија во работата која сами ја избрале, истрајност, посветеност кон креативните активности и амбиции за кариера. Иститe се опишани и како љубопитни, оригинални, разновидни, имагинативни, бистри и компликувани. Други лични особини на креативните подинци се интелктуалната автономнсот, објективност, отвореност кон ефикасноста, амбициозноста, интерперсонална сензитивност и осет за благосостојба.

Мартиндејл (Martindale 1995, 1999) тврди дека наместо да бидат во некоја постојана состојба од дефокусирано внимание, креативните поединци се карактеризираат со тенденцијата за осцилирање напред и назад во текот на континуумот на примарен-секундарн процес. Според него, креативните луѓе имаат тенденција да го дефокусираат вниманието кога е потребно, кога задачата бара креативни одговори и да го фокусираат кога задачата бара внимание, како на пример при тестови на интелигенција .

Киатковски, Вартаниан и Мартиндејл (Kwiatkowski, Vartanian, & Martindale, 1999), заклучија дека креативните луѓе се побрзи во процесирањето на недвосмислени информации, но побавни во процесирањето на информации кои се контрадикторни или двосмислени. Оваа сугерира дека креативните луѓе демострираат побавно реакционо време кога задачата вклучува потенцијал за конфликт или двосмисленост

Една од важните особини кои ја одликуваат иновативната личност е возбудувањето што го чувствува спрема нерешените мистерии во себе, во другите и во појавите. Креативната личност е возбудена од сеуште непознатите можности кои се кријат под површината и се одликува со богат личен багаж на искуство. Креативната личност го слави животот, суштината на човекот, убавината, добрината, капацитетот и можностите на иднината. Ваквото однесување му овозможува потполно да се инволвира во сè што изведува,во своето и туѓото искуство (Zinker, 1978).

Според Ајзенк, Амабиле и Феист(Amabile, 1983; Eysenck, 1993; Feist, 1999). личносни особини кои се прифатени како особини кои најмногу ја поддржуват креативноста се:

автономното судење, самодовербата, неконформизам, превземање на ризик, независност и критичен став кон нормите Клајман (Kleiman, 2008 ) во својот труд го цитирал Крафт, чија листа на особини на креативни луѓе ги содржи следните карактаристики: високо ниво на љубопитност, високо генерирање идеи, високо ниво на превземање ризик, поставување прашања, отвореност кон ново искуство, самодоверба, широка палета на интереси, претпочитување на необичното, латерално мислење и одговор, неинхибираност, радикалност, детерминираност да се успее, преферирање комплксност, преокупираност со концептуални рамки, преферирање хумор (честопати бизарен, несоодветен). Тие лица се високо самосвесни и отворени кон ирационалното во себе, неконформисти, го прифаќаат хаосот, не се заинтересирани за детали, се опишуваат како индивидуалисти, но не се плашат и да бидат класифицирани како “различни“, неволен да прифаќа авторитарни соопштенија без критички сами да се испитуваат. Истражувањата на Рензули зборуваат дека креативните поединци имаат тенденција да бидат и високо интелигенти, нивниот коефициент е над средната вредност, често пати над 120 (Renzulli, 1986). Гезелс и Џексон (Getzels & Jackson, 1962) , врз основа на своите истражувања исто така посочија дека креативните луѓе многу често имаат висок кофициент на интелигенција, но не задолжително високо интелигентните поединци се и високо креативни (Getzels & Jackson, 1962).

Во поновите истражувања посветени на креативната личност е и истражувањето на Мартинсен( Martinsen, 2011), кој открил седум фактори на креативноста : асоцијативна насоченост, потреба за оригиналност, мотивација, амбиција, флексибилност , емоционална нестабилност и ниска социјабилност

*Асоцијативна насоченост* : имагинативни, разиграни, богати со идеи,способни да бидат посветени, способни да преминат помеѓу фактите и фикцијата.

*Потреба за оригиналност* : Отпорни кон правилата, имаат бунтувачки став, имаат потреба да направат нешта кои никој друг не ги прави.

*Мотивација* : Имаат потреба да изведуваат, ориентирани кон целта, иновативни, опстојуваат и кога задачите се тешки.

*Амбиција* : имаат потреба да бидат влијателни, привлекуваат внимание и бидат препознаени.

*Флексибилност* : Имаат способност да гледат различни аспекти од проблемите и да дојдат до алтернативни решенија.

*Ниска емоционална стабилност* : Имаат тенденција да доживуваат негативни емоции, поголема флуктација на расположението и не секогаш имаат виско самопочитување.

*Ниска собијабилност* : Имаат тенденција да не бидат многу внимателни, се малку уплашени и се склони да најдат грешки и недостатоци во идеите на другите.

## Креативноста на наставниците и креативната настава

Креативната настава е уметност. Никој не може дидактички да ги научи наставниците како да бидат креативни, не постојат ни проверени рецепти, ни рутина за тоа. Сè што имаме се некои стратегии кои помагаат да се развие креативното мислење, но наставниците мора да развијат цела палета на вештини кои можат да ги адаптираат и применат во ралични ситуации. Експлицитното знаење кое се применува како информација треба прво да се интернализира за да се врати назад кај учениците како лично знаење или искуство. Креативната настава се одликува со тоа што наставниците употребуваат имагинативни пристапи со цел наставата да се направи поинтересна, возбудлива и ефективна, наменета да развие креативно мислење или однесување кај учениците (Craft A., Jeffrey B & Leibling M, 2001). Креативните наставници константно се пронаоѓаат себеси и се адаптираат во различни барани ситуации, превземаат ризик да истражуваат напуштајќи ја сигурноста која доаѓа со структурираниот класичен час. Подготвени се да учат од своите ученици и не се плашат од тоа што не го знаат, заедно со

своите ученици ги истражуваат своите капацитети затоа што креативната средина не може да се креира ако креативноста на наставникот е потисната. Ваквата настава е напорна за реализирање но, останува возбудлив и наградувачки процес, кој превенира стагнација или ментална глад и на учениците и на наставниците. Улогата на наставникот воглавно е во охрабрувањето, идентификувањето и развојот на креативноста. Охрабрувањето на креативноста кај учениците се прави со цел учениците да веруваат во своите идеи, можности и капацитети, кои ќе бидат поддржани за да пробаат да ги реализираат истите. Добиеното искство влијае врз нивната самодоверба и желбата за понатамошен успех..

Креативноста може да ја сретнеме на различни полиња; наставникот кој добро ги следи учениците и при тоа има позитивен став кон креативноста брзо ќе открие за што одреден ученик е надарен или талентиран, и се разбира ќе ја поттикне неговата креативност во тоа поле, давајќи му различни задачи, вклучувајќи го во различни групи и активности, следејќи го неговиот напредок и усовршување.

Веќе зборувавме за постоењето на различни објаснувања и теории за креативноста, спомнавме дека некои веруваат дека истата се должи на несвесните нагони, додека други истражувачи ја дефинираат како синдром или комплекс (Runco & Saka-moto, 1999). Постојат и такви кои на неа гледат како вештина за мислење, продукт на креативното размислување или личен квалитет (Sternberg, 1999). Зависно од тоа која теорија на креативноста стои како основа, се менува и пристапот и истражувањето на истата. Но какво е размислувањето за креативноста во образованието? Иако повеќето заклучоци се изведени од самата теорија, како што Крафт (Craft, 2005) сугерира, пристапот кон креативноста е комплексен. Тој го вклучува односот помеѓу креативноста и знаењето, курикулумот и соодветните педагошки стратегии кои ја поттикнуваат креативноста. Генерално две се главните премиси кои влијаат на пристапот на креативноста во образованието: прво е дека креативноста може да се развие (Fryer, 1996; Parnes, 1963; Torrance, 1963; Torrance & Myers, 1970), и второ дека сите поединци имаат потенцијал да бидат креативни (Craft, 2001; Esquivel, 1995; Feldman & Benjamin, 2006 ).

Еден од најбитните моменти во развивањето на креативноста кај учениците е креативното предавање, што значи дека треба да ги охрабриме учениците во следните вештини: а) да

креираат, б) да откријат, в) да замислат дека...,г) да претпоставуваат дека..., д) да предвидуваат. Развивањето на креативноста не само што бара самиот наставник кој предава да биде креативен, да ја поддржи и охрабри истата туку и да ја награди креативноста кога ќе се појави (Sternberg & Lubart, 1995; Sternberg & Williams, 1996). Со други зборови, наставникот не треба само да зборува за креативноста, туку и сам да го чекори тој пат.

Една од причините што нема многу креативност во образованието е тоа што поединците и организациите се поспремни да инвестираат во едуцирањето на традиционалните вештини (пр.литература) отколку на креативните вештини. Рубенсон и Ранко мислат дека ова е резултат на идејата дека креативноста е ризична инвестиција (Rubenson, Runco 1992).

Креативноста може да се поттикнува во рамките на секој предмет кој се учи во училиште, на различни начини; може да им се каже на учениците да напишат алтернативен крај на некоја книга, роман (литература), да замислат имагинативен дијалог помеѓу туристи (странски јазик); да откријат кој основен принцип ги соединува определени структури (физика), да замислат дека конструираат нов инструмент за идна композиција, каков би бил тој инструмент и зошто (музика); да предвидат граматички промени кои би можеле да се појават во предели каде се сретнуваат два јазика кои се во континуиран контакт (граматика); Различни револуции, во што биле исти и во што различни (историја); да евалуираат решенија на математички проблем и да дискутираат слабости на решенијата, ако постојат (математика), проценување на стратегијата која била користена во тенискиот меч (спорт).

## Стимулирање на креативноста во училница

Секаде во светот, националните влади го реорганизираат образовниот систем за да можат да се соочат со предизвиците на 21-от век. Еден од приортетите е промовирање на креативноста и иновацијата. Во глобалната економија, капацитетот на генерирање и имплементирање - нови идеи е витален и клучен за конкуренцијата. Но, образованието има поголеми цели од економијата: мора да ги оспособи луѓето да се адаптираат на брзите промени на општеството и да имаат квалитетен живот во време кога културолшките вредности се нападнати од сите страни (Rubenson & Runco ,1992).

Дејвис и Рим (Davis&Rimm, 1985) исто како Фелдузен и Трефингер (Feldhusen & Treffinger, 1980) веруваат дека креативните способности може да се зацвстат преку практикување на креативни вежби како што се тие кои промовираат дивергентно мислење,како на пр. Бура на идеи (brainstorming). Дејвис и Рим, техниките на креативното мислење ги делат на персонални и стандардни. Персоналните техники се уникатни, додека стандардните се учат на различни курсеви,но и двата вида техники можат да се развијат. Дејвис ( Davis, 1985) предложил четири чекори за развивањето на креативноста: свесност, разбирање, техники и самоактуализација. Генерално, овој модел предлага дека за да стане човекот покреативен треба потребно е : а) да ја зголеми својата креативна свесност, неговата подготвеност да мисли креативно, б) да ја разбере областа на креативноста, в) да користи персонални или стандардни кративни техники, г) да биде самоактуализиран, да го реализира својот потенцијал (Davis& Rimm 1985).

Стернберг и Вилијамс ( Sternberg & Williams 1996) во нивната книга за развивањето на креативноста на ученикот, наведуваат 25 чекори кои можат да промовираат креативност во училница (Табела 2).

Табела 2. Моделот на Стернберг за развивање на креативноста во училница

| Предиспозиции | Додавајте коплексни техники |
|---|---|
| 1.Моделирање на креативноста<br>2. градење на само-ефикасност | 14. Учење одговорност<br>15.Промовирање на саморегулација<br>16.Одложување на задоволството |
| **Основни техники** | **Користете рол модел** |
| 3.Испитување на претпоставките<br>4. дефинирање и редефинирање на проблемите<br>5.охрабрување на произведувањето на идеи<br>6. комбинирање на идеите | 17.Користете профили на креативни луѓе<br>18.Охрабрувајте креативна соработка<br>19.Замислте туѓи перспективи |
| **Препораки за настава** | **Истражете ја околината** |
| 7.давање време за креативно размислување<br>8. давање инструкции и оценување на креативноста<br>9.Наградување на креативноста и креативниот продукт | 20.препознајте ја усклaденоста на околината<br>21.Најдете возбуда<br>22.Барајте стимулативни околини<br>23.Играјте со силите |
| **Избегнете блокади** | **Долгорочни перспективи** |
| 10.Охрабрување на осетливи ризици<br>11толерирајте двосмисленост<br>12. доволувајте погрешки<br>13.идентификувајте ги пречките | 24. Креативно растење<br>25. Преобразување за креативноста |

Фелдузен и Трефингер (Feldhusen and Treffinger, 1980) дадоа неколку препораки потребни за создавање креативна околина во училницата:

1.Подржете и поттикнете ги несекојдневните идеи и одговори на учениците;

2.Позитивно искористете го неуспехот на учениците како би помогнале да ги воочат грешките и да ги постигнат стандардите, сето ова во една подржувачка атмосфера

3.Прилагодете се кон интерсот на учениците во училница секогаш кога тоа е можно

4.Дајте им време на учениците да размислат и да ги развијат своите креативни идеи.Креативноста не секогаш се појавува одма и спонтано.

5.Креирајте клима на почитување помеѓу вас и учениците, како и почитување на учениците меѓу себе, градете однос така што учениците ќе имаат можност да споделат, развијат и учат заедно и еден од друг како и незавсино да работат кога имаат потреба.

6.Бидете свесни на шareноликоста на кративноста не само во уметноста и занаетите: вербалните одговори, пишаните одговори и во прозаичниот и во поетскиот стил, фиктивни и нефиктивни форми. Креативноста ги покрива сите дисиплина на курикулата.

7.Бодрете го дивергентно мислење и активности. Бидете извор, осигурувач и водач на дивергентното учење.

8. Слушајте ги учениците и смеејте се со нив. Топлата и поддржувачката атмосфера овозможува сигурност и слобода во истражувачкото мислење.

9.Дозволете им на учениците да имат избор и да бидат дел од процесот на донесување на одлуки, дајте им да имаат дел од контролата од својот едукативен и образовен процес.

10. Дозволете секој да биде инволвиран и да ги демонстрира своите вредности со вклучување на нивните идеи и решенија при работење ралични пројекти. (Feldhusen & Treffinger 1980 )

## Релевантни истражувања

Повеќе истражувачи сметаат дека личноста има поголемо влијание врз креативните постигнувања отколку интелигенцијата (Eysenck, 1993; Feist & Barron, 2003). Студиите на Терман покажаа дека личноста е подобар предиктор на креативноста отколку интелигенцијата (Eysenck, 1993; Feist & Barron, 2003). За да се разбере повеќе врската помеѓу креативноста и личноста, Феист (Feist ,1998) направи мета анализа на 83 студии за цртите на личноста кои се поврзани со научната и уметничката креативност. Тој ги претвори сите скали во петте големи димензии и потоа ги спореди профилите на личноста на уметниците и на креативните научници со оние на неуметниците и некреативните научници. Феист заклучи дека креативните луѓе генерално поседуваат неколку црти на личноста: тие се повеќе автономни, интровертни, отворени кон искуство, мотивирани и

импулсивни (Agronick, 1995; Feist, 1998). Но, сепак, постојат разлики помеѓу креативниот уметник и креативниот научник: првиот има тенденција да биде емоционално нестабилен, сензитивен, имагинативен и импулсивен, додека вториот е арогантен, самоуверен, амбициозен и автономен (Feist, 1998). Понатаму Феист споредуваше група на високо креативни научници со ниско креативни научници и воочи дека високо кретивните научници имаат ниски резултати на димензиите совесност и соработливост. Гросул во нејзиното истражување за личноста на креативниот научник, потврди позитивна поврзаност на димензиите отвореност кон искуство и невротицизам со креативноста (Grosul, 2010) .

Ротман и Кретцер во своето истражување за поврзаноста помеѓу големите пет фактори и изведувањето на работата, потврдија дека работниците кои имаат тенденција кон невротицизам (имаат ирационални идеи, помалку ги контролираат своите импулси и слабо се справуваат со стресот) имаат помал учинок во работата и се помалку креативни од оние кои се емоционално постабилни. Ротман и Кретцер со овие резултати ги потврдија наодите на Херман и Машке (Hörmann & Maschke, 1996), Дан ( Dunn et al.,1995) и Џаџ ( Judge et al.,. 1999)

Истото истражување покажа дека факторот отвореност кон ново искуство исто така е поврзан со работниот учинок и креативноста, односно дека работниците кои покажуваат активна имагинација и естетска сензитивност имаат подобри постигнувања и поголема креативност. Овој резултат го потврдуваат и наодите на Раудсеп ( Raudsepp, 1990). Повеќе студии известуваат за позитивна поврзаност помеѓу креативноста и отвореноста кон ново искуство (George & Zhou, 2001; King, Walker &Broyles, 1996; McCree, 1987).Од сите пет фактори изгледа дека отвореноста кон новото искуство е најмногу позитивно поврзана со креативноста заради тоа што опфаќа интелектуална љубопитност, имагинација, уметнички интересирања, оригиналност и либерални ставови (McCree,1987).

Поврзаноста помеѓу креативноста и другите фактори на личноста изгледа дека е помалку конзистентна. Постојат истражувања кои потврдиле поврзаност помеѓу креативноста и екстроверзијата (King et al., 1996), цртата која вклучува социјабилност, активност и тенденција да се доживее позитивно искуство. Меѓутоа, Ајзенк го тврди спротивното,

дека интровертијата повеќе отколу екстровертијата поттикнува креативен интерес и постигнувања (Eysenk, 1993). Соработливоста е малку контроверзна во релација со креативноста:има истражувачи кои тврдат дека креативните поединци имаат ниска соработливост, мета анализите на Феист докажаа дека уметниците се помалку соработливи од неуметниците, а од друга страна студиите на Батеј и Фурнхам ( Batey & Furnham, 2006) потврдија дека ниско ниво на соработливост е поврзано со високо уметничка креативност, но виско ниво на соработливост е поврзано со високо ниво на секојдневнат креативност (на пр. креативно хоби или креативни стилови).

Според студиите на Стернберг(Strenbeg, 1995), лицата кои постигнуваат висок скор на креативност добро владеат со својата околина и покажале повеќе доверба во своите способности. Високо креативните индивидуи изјавиле дека нивните чувства не се лесно повредливи и дека мала е веројатноста да се чуствуваат инфериорни. Ниско креативните индивидуи покажале повеќе инфериорност, анксиозност и висока сензитивност. Конвенционалноста, совесноста и затворениот ум се негативно поврзани со креативноста, додека толерантноста кон двосмисленост е позитиво поврзана за креативноста.

Повеќе истражувачи ги утврдиле факторите кои влијаат врз произведувањето на креативни идеи во организации. Некои од нив потврдија дека поддршката на работа влијае врз креативниот учинок (Madjar, Oldham & Pratt 2002). Исто така, добиени се и резултати кои укажуваат дека поддршката која вработените ја добиваат од семејството и пријателите е поважна од таа која ја добиваат од други лица .

Други истражувачи, пак, се интересирале да најдат поврзаност помеѓу природата на работата и креативноста. Од нивните истражувања добиваме податоци дека вработените кои вршат комплексни работи со голем предизвик и голема автономност произведуваат покреативна работа (Oldham & Cummings,1996). Сепак, поголема поврзаност на креативноста е констатирана со цртите на личноста (George & Zhou, 2001; McCrae,1987). Истражувачките наоди покажуваат дека екстраверзијата и отвореноста кон искуство се позитивно поврзани со креативноста, така да луѓето кои се покреативни се подруштвени и отворени кон искуства (Kelly, 2006). Исто така, пронајдено е дека луѓето кои имаат висок скор на совесност имаат низок скор на креативност, особено во присуството на

претпоставените и кога нивните соработници не го ценат многу креативното однесување (George & Zhou, 2001).

## Концептуална дефиниција на варијаблите

Ако важноста на некоја тема или концепт се мери по тоа колку различни дефиниции постојат за истите, тогаш креативноста дефинитиво стои високо на листата. Во ова истражување како основа ќе се земе дефиницијата на Ајзенк, Арнолд и Мајли (Eysenck, Arnold & Meily, 1972, стр. 228; според Арнаудова, 1996), според која **креативноста** претставува "способност да се согледаат нови односи, да се продуцираат необични идеи и да се отстапи од традиционалниот начин на мислење".

Според Коста и МекКре, **Невротицизмот** е една од фундаменталните црти на личноста која претставува тенденција да се доживуваат негативни чувства како тага, страв, срам, бес, вина и презир. Поединците кои добиваат висок скор на навротицизам се во ризик од некои психички заболувања или растројства. Високиот скор на невротицизам покажува дека личноста е склона да има ирационални идеи, помалку е способна да ги контролира своите импулси, многу сиромашно одговара на секјодневниот стрес и е посклона новите ситуации да ги доживуваат како загрозувачки и застрашувачки, а помалите фрустрирачки ситуации како тешки и безнадежни (Costa & McCrae, 1992 ). Од другата страна, поединците кои добиваат низок скор на невротицизам се емоционално постабилни и способни да реагираат на стресот без многу да се вознемируваат (Hough et al., 1990). Често се смирени и не се напнати.

Димензијата Невротицизам во инвентарот на Коста и Мекри кој е користен за ова истражување ја сочинуваат следните шест компоненти.

*Анксиозност-* склоност да се биде загрижен, исплашен, напнат и нервозен

*Непријателство (хостилност)* -тенденција да се доживее лутина и слични состојби како фрустрации и горчина

*Депресија-* тенденција да се доживее чувство на тага, вина и осаменост

*Инхибираност* – срамежливост или социјална анксиозност

*Имулсивност*-тенденција да се реагира брзо на итни ситуации наместо да се одложуваат реакциите.

*Ранливост (вулнерабилност)*–општа чувствителност кон стрес.

**Екстраверзија** е дефинирана како тенденција да се ужива во интеракција и во друштво, да се биде топол, ентузијаст, зборлест, дружељубив (Clark & Watson, 1991). Овие индивидуи со задоволство учествуваат во активности каде што се инволвирани повеќе луѓе, како што се забави, различни собирања, како политички, така и социјални. Од друга страна, **интроверзија** се дефинира како " состојба или тенденција да се биде преокупиран со сопственитот ментален живот. Интровертите се повлечени и избегнуваат учество во големи групи. Претпочитаат да завршат една работа по друга, и да набљудуваат пред да се нафатат да направат нешто. Обично уживаат во активности кои не се колективни, како што е читањето, и се повеќе аналитички ориентирани, особено пред да зборуваат. Екстроверзијата во НЕО-ПИ-Р инвентарот на личноста ја сочинуваат :

*Срдечност (топлина)* – емоционалност, пријателска настроеност, лесно формирање на емотивни врски, наклонетост према другите луѓе.

*Друштвеност*-претпочитување присуство на другите

*Самоувереност*-чувство на социјална доминација и социјален растеж.

*Активност*- брз ритам на живеење, со енергија исполнети движења, тенденција постојано нешто да се прави.

*Трагање по возбуда*-потреба за стимулација од околината.

*Позитивни чувства*-тенденција да се доживуваат позитивни чувства.

Според Ротман и Кетцер, **Отвореност кон ново искуство** е особина која опишува колку една личност активно ја инволвира имагинацијата, естетиката, сензитивноста, почитување на различноста, интелектуалната љубопитност, желбата да се пробаат различни активности, отвореноста кон нови социјални, политички или религиозни верувања,

ценењето на убавината и уметноста. Луѓето кои добиваат ниски скорови на оваа димензија имаат тенденција да бидат затворени, конвенционални и традиционални во своите видувања и однесување. Повеќе претпочитаат семејни рутини отколку нови доживувања и имаат тесен дијапазон на интереси ( Rothman&Coetzer,2003). Шесте субскали на оваа димензија во тестот на Коста и МекКре се :

*Фантазија*- жива имагинација, чести дневни фантазии како начин на креирање интересен внатрешен свет.

*Естетика*-ценење на уметноста и на убавината.

*Чувства*-отвореност кон внатрешни доживувања и емоции и длабоко проживување на искуствата.

*Акција*-отвореност за нови искуства на практично ниво.

*Идеи*-интелектуална љубопитност,отвореност на умот, неконвенционални идеи.

*Вредности*-спремност да се ревидираат сопствените вредности и вредностите на авторитетите.

**Соработливоста,** според Ротман и Кетцер (Rothman & Coetzer, 2003), претставува тенденција да се биде пријатен и акомодиран на социјаните ситуации. Луѓето кои добиваат висок скор на ова димензија се емпатични, сензитивни се за другите, помагаат, дарежливи се и пријателски настроени. Исто така, тие имаат тенденција да веруваат дека повеќето луѓе се искрени, достоинствени и доверливи. Овие луѓе веруваат дека другите луѓе се добронамерни, спремни се да простат и да заборавaат, скромни се и нежни. Луѓето кои имаат низок скор на оваа димензија се помалку загрижени за добробитта на другите, помалку емпатични и ретко отстапуваат од својот пат за да им помогнат на другите. Нивниот скептицизам кон мотивите на другите ги прави сомничави и непријатни, тие повеќе би се натпреварувале отколку што би соработувале со другите

Компонентите на оваа димензија, според Коста и МекКре се :

*Доверба*-верување во искреноста и добрите намери на другите.

*Искреност-* чесност, искреност при експресијата.

*Алтруизам-* активна загриженост за благосостојбата на другите, подготвеност да се помогне.

*Попустливост-*инхибиција на агресивност и на интерперсонални конфликти, тенденција да се прости и заборави, благост и добронамерност

*Скромност-*тенденција да не се истакнуваат личните постигнувања. Благ темперамент – благост и сочувствување со другите, нагласување на хуманите аспекти.

**Совесноста** е последната димензија која се мери со NEO-PI-R, а се однесува на тоа колку личноста е внимателна, самодициплинирана, организирана, мисли пред да преземе акција, и сака да постигне нешто. Луѓето со висок скор на оваа димензија се карактеризираат со развиено чувство на компетентност, владеат со себе, имаат потреба за постигнување и зрелост. Овие луѓе се работливи и веродостојни. Нискиот скор на свеснота задолжително не укажува на мрзеливост и неморалност, туку само дека помалку се мотивирани за успех ( Costa & McCrae, 1992). Компонентите на оваа димензија се :

*Компетентност-*верување во личната ефикасност и способност.

*Потреба за ред-*лична организацизираност,уредност, чистота.

*Исполнителност-* чувство на должност, потреба да се завршат моралните обврски.

*Насоченост кон постигнување-* високо ниво на аспирација, спремност напорно да се работи за да се постигне определена цел.

*Самодисиплина* - способност да се почне и да се истрае во работата и покрај здодевност или потешкотии; самомотивација со цел завршување на започната работа.

*Промисленост* - тенденција да се обмисли повеќе пред да се постапи или зборува.

## Операционализација на варијабли

За секоја од големите пет фактори на личноста, невротицизам, екстравертност, отвореност кон ново искуство, соработливост и совесност со користење на НЕО-ПИ-Р тестот се добива поединечен скор кој укажува на нивото на секоја димензија, како и поединчно за секоја компонента која е вклучена во димензијата.

Исто така, за креативноста секој испитаник добива еден скор со оценување на Тестот на креативно мислење-довршување цртеж (TCT-DP ).

## Истражувачки хипотези:

**1.** ***Со зголемување на невротицизмот се намалува креативноста кај наставиците од средно образование.***

***2. Со зголемување на екстравертноста се зголемува креативноста кај наставиците од средно образование***

**3.** ***Со зголемување на отвореноста кон искуство се зголемува и креативноста кај наставниците од средно образование.***

***4. Со зголемување на соработливоста се намалува креативноста кај наставиците од средно образование***

***5. Со зголемување на совесноста се намалува креативноста кај наставиците од средно образование***

***6. Отвореноста кон ново искуство е најдобар предиктор на креативноста на наставниците од средно образование во однос од останатите четирти големи фактори на личноста.***

# МЕТОД

## Испитаници

Ова истражување е спроведено на примерок од 240 испитаници (113 жени и 127 мажи) од три града во Македонија. Испитаниците се наставници кои предаваат во гимназиски паралелки во средните училишта “Дрита“ и “Мирко Милески“ од Кичево, “Нико Нестор“ и “Ибрахим Темо“ од Струга и средното економско и техничко училиште од Гостивар.

Во табелата 3 е опишан примерокот наставници во однос на полот, етничката припадност, возраста и годините стаж во образованието.

Табела 3. Учесници во истражувањето

| Град | N | Ж | М | Албанци | Македонци | Возраст М | Стаж М |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кичево | 100 | 41 | 59 | 56 | 44 | 41,73 | 14,24 |
| Гостивар | 80 | 33 | 47 | 49 | 31 | 45,02 | 18,51 |
| Струга | 60 | 39 | 21 | 31 | 29 | 43,88 | 15,86 |
| Вкупно | 240 | 113 | 127 | 136 | 104 | 43,54 | 16,20 |

Како што се гледа од табелата 3, испитаниците од трите града не се разликуваат многу во однос на карактеристиките пол , стаж во образованието и возраст. Испитаниците од Кичево се малку помлади од другите градови, од тука и годините на работниот стаж во ова група се малку пониски. Во однос на половата структура, само во Струга е вклучен поголем број наставници од женски пол, додека во другите два града доминираат машки

наставници. Исто така, се внимаваше во вкупниот број на испитници приближно подеднакво да бидат застапени наставници со различна етничка припадност (Македонци и Албанци)..

## Мерни инструменти

На сите испитаници им беа зададени два теста, инвентарот на личноста НЕО-ПИ-Р и тест на креативност TCT-DP .

**НЕО-ПИ-Р** е психолошки инвентар на личноста кој ги мери големите пет фактори на личноста: невротицизам, екстраверзија, отворентост кон ново искуство, соработливост и совесност. Тестот е конструиран од Paul T. Costa, Jr. and Robert R. McCrae во 1992 година, а е наменет за испитаници постари од 17 год. од двата пола, без видна психопатологија. Секоја од петте димензии содржи по шест компоненти, мерени со по осум ајтеми, вкупно 240 ајтеми.

Коста и МекКре (Costa&McCrae,1992) известуваат за тест-ретест релијабилност (по шест години) за невротицизам, екстраверзија и отвореност која се движи од r=0,68 до r= 0,87, додека за соработливост и совесност изнесува r=0,67 и r=0,81.

Во почетната конструкција авторите успеале да ги издвојат трите базични фактори: E, N, O и го составиле првиот инструмент НЕО во 1978 година. Со наодите од подоцнежните студии биле издвоени уште двата фактори: A и C и бил формиран нов инструмент НЕО-ПИ . Дополнетата верзија на НЕО-ПИ-Р инвентарот на личност настанала во 1992 година. Посебни скали на валидност на НЕО-ПИ-Р не се предвидени, освен неколку додатни прашања наменети за директна самопроцена на испитаникот за тоа во која мера на прашањата одговорил прецизно и дали правилно ги впишувал одговорите. Авторите на инвентарот врз основа на претходни анализи заклучиле дека самите скали на валидност се помалку валидни од основните скали. Затоа, тие се потпираат врз способноста на испитувачот да воспостави соработка, доверба и заинтересираност на испитаникот.

Првата примена и адаптација на НЕО-ПИ-Р за Република Македонија е извршена од Јаневски и Стоименова-Цаневска во мај 1997 година, додека втората адаптација за Р. Македонија е на Спасовски во ноември-декември 2003 година.

За овој магистерски труд беше користен инвентарот на личност НЕО-ПИ-Р кој е адаптиран за македонска популација. Степенот на согласување со содржината на ајтемите испитаникот ја изразува на петтостепена Ликертова скала на процена, која се движи од 0 (воопшто не се согласувам) до 4 (потполно се согласувам). Оттука, опсегот на скорови на секоја од петте димензии се движи од 0 до 192, додека опсегот на скорови за компонентите се движи од 0 до 32.

За испитување на креативноста е применет **Тестот на креативно мислење-довршување цртеж** (**TCT-DP** ), изработен во 1987 година од психолозите Урбан и Јелен (Urban & Jellen,1989) и претставува посовремена верзија на тестовите од типот недовршени цртежи. Како стимулуси за доцртување се употребени шест шематски ликови (точка, полукруг, закривена линија, испрекината лиија, полна линија и недовршен квадрат), од кои петте се наоѓаат во четриаголна рамка, а шестиот е надвор од неа. Без тематско и временско ограничување испитаникот треба да го доврши вака започнатиот цртеж и да му даде соодветен наслов. Испитувачот го бележи времето кога цртањето е започнато и кога истото е завршено. Авторите наведуваат дека предноста на овој тест над другите тестови од ваков тип е неговата културолошка непристрасност, можноста за примена кај различни категории испитаници и краткотрајноста на испитувањето. Оценувањето на тестот се врши во однос на 11 критериуми: комплексност (Cm), додатоци (Ad), нов елемент (Ne), врски со линии (Cl), врски направени така да творат тема (Cth), премин на границите кој зависи од фрагментите (Bfd), премин на границите кој е независен од фрагментите (Bfi), перспектива (Pe), хумор (Hu), неконвенционалност (Uc), и брзина ( Sp). Првиот критериум оценува дали сите елементи на цртежот се надополнети,проширувани или продолжувани, вториот критериум го оценува секое украсување или дополнување на првото продолжување, проширување и надополнување на стимулусите; третиот критериум оценува дали има додадено нови елементи кои не се директно поврзани со шесте стимулуси; четвртиот критериум го оценува директното поврзување со линии на шесте стимулуси; петиот критериум го оценува секој елемент кој придонесува за формирање на

темата или композицијата, а при тоа се зема предвид и насловот на цртежот; шестиот критериум оценува дали е дополнет малиот квадрат надвор од рамката; седмиот критериум го оценува намерното преминување на рамката; осмиот критериум го оценува секој елемент кој придонесува за тродимензионален впечаток; деветиот критериум ја оцнува духовитоста на цртежот,се оценува дали испитаникот ги искомбинирал елементите на шеговит начин или дал нивен хумористичен приказ, дали дал хумористичен наслов или поднаслов на елементите или испитаникот ги искомбинирал нацртаните елементи со лингвистички за да постигне впечаток на духовит стрип;десетитот критериум е за неконвенционалноста на цртежот, го оценува секој нереалистичен или апстрактен цртеж, манипулација на листот или необична употреба на шесте стимулуси и единаесетиот критериум е брзината, односно за колку минути испитаникот успеал да го заврши цртежот.

Примената на тестот може да биде индивидуална или во мали групи. Коефициентите на валидност на тестот се движат од r =0,80 до r =0,90, а индексите на објективност се движат од r=0.89 до r=0.97.

# РЕЗУЛТАТИ

## Резултати од дескриптивната анализа

Со цел да се проверат поставените хипотези беа користени следниве статистички постапки: мерки на централна тенденција, мерки на варијабилност, Пирсонов коефициент на корелација и регресивна анализа за да видиме дали големите фактори на личноста се поврзани со креативноста и кој од петте фактори на личноста најмногу ја предвидува креативноста. Најнапред ќе бидат прикажани резултатите од дескриптивната статистика за сите истражувачки варијабли.

Табела 4. Дескриптивни статистици за истражувачките варијабли (N = 240)

| | Минимален резултат | Максимален резултат | M | SD |
|---|---|---|---|---|
| Невротицизам | 56 | 129 | 85.48 | 12.47 |
| Екстраверзија | 70 | 130 | 92.33 | 8.80 |
| Отвореност | 78 | 136 | 105.65 | 10.92 |
| Соработливост | 81 | 136 | 111.27 | 10.24 |
| Совесност | 53 | 139 | 106.65 | 9.75 |
| Креативност | 1 | 49 | 21.78 | 9.85 |

Во горенаведената табела 4 се прикажани најниските и највисоките емпирски скорови за секоја варијабла, нивната аритметичка средина и стандарната девијација или распрсканоста на случаите од средната вредност. Кај ниту една димензија не се постигнати екстремно ниски или високи резултати, што се гледа и од аритметичките средини кои се движат околу просечната теоретска вредност. Највисока аритметичка

средина од сите пет големи фактори е постигната кај факторот *соработливост* (А), М= 111,27, додека најниска аритметичка средина е добиена кај факторот *невротицизам* (N), М= 85.48. Што се однесува до стандардните девијации, лесно се забележува блискост на стандардните девијации кај варијаблите *отвореност* и *согласност,* нешто поголема распрсканост на скоровите има кај *невротицизам*, а најмала кај *екстравертност*, што укажува на поголема хомогеност на испитаниците во одговорите на оваа варијабла. За варијаблата креативност е добиена М=21,78 и SD=9,85, при што никој од испитаниците не постигнал максимални или многу високи резултати на оваа варијабла, додека се регистрирани ниски резултати. Овие податоци укажуваат дека кај наставниците, општо земено, е измерено прилично ниско ниво на креативност.

Кај големите пет фактори се определени по три категории на резултати (низок, просечен и висок), додека кај креативноста од 7-те категории кои се понудени од авторите се формирани исто така три категории на резултати (низок, просечен и висок). Распределбата на варијаблата креативност по категории покажува дека 127 испитаници (52,92%) постигнале просечно ниво на креативност, 105( 43,75%) -ниско ниво, а само 8 од наставниците вклучени во истражувањето (3,33%) припаѓаат во катрегоријата високо ниво на креативност. Кростабулациите помеѓу креативноста и секој од петте фактори на личноста се прикажани табеларно (од табела 5 до табела 9), како и графички (од график 1 до график 5).

Табела 5. Кростабулации помеѓу невротицизам и креативност

| | | Невротицизам | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Низок | просечен | висок | |
| | Низок | 24 | 77 | 4 | 105 |
| Креативност | просечен | 21 | 103 | 3 | 127 |
| | Висок | 2 | 5 | 1 | 8 |
| Вкупно | | 47 | 185 | 8 | 240 |




График 1. Нивоа на креативност и невротицизам

.

Во табела 5 и графикон 1 е прикажан пресекот на нивоата на креативност и нивоата на невротицизмот. Евидентно е дека мнозинството субјекти (103) се вкрствуваат на просечното ниво на двете варијабли и на ниското ниво (77), додека само 1 субјект покажува високо ниво на невротицизам и креативност.

Табела 6. Кростабулации помеѓу креативност и екстраверзија

| | | Екстраверзија | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Низок | Просечен | висок | |
| | Низок | 5 | 98 | 2 | 105 |
| Креативност | просечен | 5 | 121 | 1 | 127 |
| | Висок | 0 | 8 | 0 | 8 |
| Вкупно | | 10 | 227 | 3 | 240 |




График 2. Нивоа на креативност и екстровертност

Исто така и во вкрстеноста на нивоата на варијаблата екстравертност со креативноста доминира нивото на просечност (121), ниското ниво се јавува само кај 5 субјекти, а ниту еденне добил високи скорови на двете варијабли (табела 6 и график 2).

Табела 7. Кростабулации помеѓу креативност и отвореност

| | | Отвореност | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | просечен | Висок | |
| | Низок | 87 | 18 | 105 |
| Креативност | просечен | 79 | 48 | 127 |
| | Висок | 2 | 6 | 8 |
| Вкупно | | 168 | 72 | 240 |




График 3. Нивоа на креативност и отвореност

Од табела 7 и график 3 можеме да констатираме дека за факторот отвореност кон ново искуство се добиени само две нивоа, просечно и високо , каде што 79 испитаници се со просечно ниво на креативност  и на отвореност кон ново искуство, додека само 6 испитаници добиле високи резултати на двете варијабли .

Табела 8. Кростабулации помеѓу креативност и соработливост

| | | Соработливост | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Просечен | висок | |
| | Низок | 45 | 60 | 105 |
| Креативност | Просечен | 47 | 80 | 127 |
| | Висок | 4 | 4 | 8 |
| Вкупно | | 96 | 144 | 240 |




График 4. Нивоа на креативност и соработливост

Соработливоста исто како и отвореноста кон ново искуство е групирана во две категории, просечно и високо. Најголем е бројот на субјекти кои постигнале просечно ниво на варијаблите креативност и отвореност (80), 40 испитаници постигнале ниско ниво на двете варијабли, а само 4 се со високи резултати на двете варијабли(табела 8 и график 4).

Табела 9. Кростабулации помеѓу креативност и совесност

| | | Совесност | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Низок | Просечен | Висок | |
| | Низок | 1 | 67 | 37 | 105 |
| Креативност | просечен | 0 | 85 | 42 | 127 |
| | Висок | 0 | 7 | 1 | 8 |
| Вкупно | | 1 | 159 | 80 | 240 |




График 5. Нивоа не креативност и совесност

Совесноста е групирана во три категории, иако во едната од нив спаѓа само еден испитаник од вкупно 240 наставници учесници во истражувањето, додека поголемиот број спаѓа во категоријата просечен(159 субјекти или 66%), а останатите 80 испитаници или 33 % спаѓаат во категоријата високо совесни.Во однос на вкрстувањата со креативноста, се забележува дека најмногу испитаници (85) постигнале просечно ниво на двете варијабли, а само по еден испитаник постигнал високо и ниско ниво на двете варијабли (табела 9 и график 5).

## Резултати од корелациската и регресивната анализа

Во продолжение ќе бидат презентирани резултатите од корелациската анализа, со цел да се тестираат првите пет хипотези кои постулираа позитивна или негативна поврзаност на креативноста со секој од големите пет фактори на личноста. Изложувањето на резултатите ќе биде според редоследот на поставените хипотези. Во табела 10 се прикажани коефициентите на корелација на креативноста со невротицизмот и со секоја од неговите 6 компоненти.

Табела 10. Корелација на креативноста со Невротицизам и неговите компоненти

| | КРЕАТИВНОСТ r | p |
|---|---|---|
| НЕВРОТИЦИЗАМ (N) | -.043 | .50 |
| Анксиозност N1 | .154* | .02 |
| Непријателство N2 | .024 | .70 |
| Депресија N3 | -.047 | .46 |
| Инхибираност N4 | -.018 | .78 |
| Импулсивност N5 | -.109 | .09 |
| Ранливост N6 | -.148* | .02 |

* p< 0.05 (двонас.)

Добиениот коефициент на корелација помеѓу варијаблите креативност и невротицизам, пресметан со Пирсонов коефициент изнесува r =-0,043 . Добиената вредност е ниска за да потврди поврзаност помеѓу овие две варијабли. Иако горе на табелата се гледа дека две од субскалите на овој фактор покажуваат ниска поврзаност, т.е. анксиозноста ниска позитивна корелација и ранливоста ниска негативна корелација, корелации значајни на ниво 0.05, сепак генерално овој фактор не е поврзан со креативноста кај оваа група на испитаници наставници од средно.

Добиените резултати од регресивната анализа за истата хипотеза се прикажани во следната табела.

Табела 11. Линеарна регресија помеѓу Невротицизмот и креативноста

Зависна варијабла : креативност

| Равенка | Краток преглед на моделот | | | | | Проценки на параметар | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | $R^2$ | F | df1 | df2 | Sig. | Константа | b1 |
| Линеарно | .002 | .442 | 1 | 238 | .507 | 86.662 | -.054 |
| Растечко | .001 | .174 | 1 | 238 | .677 | 4.446 | .000 |

Добиениот негативен коефициент -0.054 во последната колона b1 прикажан во табелата 11 укажува дека кривата на линеарна регресија ќе се движи во негативна насока во дијаграмот, што јасно се гледа и во графички прикажана форма ( график 6 во прилог,стр.77), а пак од друга страна распределбата на точките од кривата (средната вредност) укажува на слаба незначајна поврзаност на овие две варијабли една со друга.

Табела 12. Корелации на креативноста со Екстраверзија и нејзините компоненти

| | КРЕАТИВНОСТ r | p |
|---|---|---|
| ЕКСТРАВЕРТНОСТ | -.034 | .59 |
| Срдечност (топлина) N1 | -.024 | .71 |
| Друштвеност N2 | .002 | .98 |
| Асертивност N3 | -.012 | .86 |
| Позитивни чувства N4 | .003 | .97 |
| Активност N5 | -.054 | .40 |
| Трагање по возбуда N6 | -.086 | .18 |

Табелата погоре кажува дека помеѓу креативноста и екстравертноста е добиен мал незначаен Пирсонов коефициент на корелација, што значи дека кај испитаниците на ово истражување нема поврзаност помеѓу нивото на нивната креативност и екстравертност.

Табела 13. Линеарна регресија помеѓу екстраверзија и креативноста

Зависна варијабла: Креативност

| Равенка | Краток преглед на моделот | | | | | Проценки на параметар | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | $R^2$ квадрат | F | df1 | df2 | Sig. | Константа | b1 |
| Линеарно | .001 | .279 | 1 | 238 | .598 | 25.315 | -.038 |
| Растечко | .003 | .659 | 1 | 238 | .418 | 3.271 | -.004 |

Неависна варијабла : Екстраверзија.

Добиениот негативен коефициент -0.038 на движењето на кривата на линеарна регресија, прикажан во табелата 13 ја потврдува неповрзаноста на екстроверзијата и креативнста во истражувањето исто како што и распределбата на точките во дијаграмот ја потврдува независноста помеѓу овие две варијабли ( график бр. 7 , во прилог 1. )

Табела 14. Корелација на креативност со Отвореност и нејзините компоненти

| | КРЕАТИВНОСТ r | p |
|---|---|---|
| ОТВОРЕНОСТ КОН НОВО ИСКУСТВО(О) | .36** | .000 |
| Фантазија O1 | .19** | .004 |
| Естетика O2 | .15* | .018 |
| Чувства O3 | .23** | .000 |
| Акција O4 | .27** | .000 |
| Идеи O5 | .24** | .000 |
| Вредности O6 | .18** | .004 |

**. p<0.01 (двонасочна).

Пирсоновиот коефициент за корелација помеѓу креативноста и отвореноста кон искуства на субјектите во истражувањето изнесува $r = 0.361$ ($p<0,01$) покажува позитивна ниска корелација помеѓу овие варијабли , со други зборови со зголемување на отвореноста кон ново искуство се зголемува и креативноста. Исто така ова тенденција може да се види и во графиконот на линеарна регресија во конклузивниот дел на статистичката обработка на резултатите

Табела 15. Линеарна регресија помеѓу супскалата отвореност и креативноста

Зависна варијабла: Креативност

| Равенка | Краток преглед на моделот | | | | | Проценки на параметар | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | $R^2$ | F | df1 | df2 | Sig. | Константа | b1 |
| Линеарно | .130 | 35.630 | 1 | 238 | .000 | -12.599 | .32 |
| Растечко | .082 | 21.244 | 1 | 238 | .000 | 1.287 | .02 |

Независна варијабла е Отвореност кон ново искуство.

Значи, насоката на кривата на линеарна регресија покажува позитивен статистичен тренд но распределбата на точките не толку блиску до кривата покажува слабата зависност на овие варијабли, значи, има поврзаност но со послаба зависност помеѓу нив за оваа бројка на испитаници од 240 во истражувањето. Од добиените податоци може да се констатира дека третата хипотеза се потврдува, дека со зголемување на Отвореноста кај наставниците од средно образование се зголемува и нивната креативност.

Табела 16. Корелација на креативност и Соработливост и нејзините компоненти

| | КРЕАТИВНОСТ r | p |
|---|---|---|
| СОРАБОТЛИВОСТ (А) | -.03 | .61 |
| Доверба A1 | -.04 | .56 |
| Искреност A2 | -.05 | .48 |
| Алтруизам A3 | -.03 | .69 |
| Соработка A4 | -.01 | .86 |
| Скромност A5 | -.04 | .49 |
| Благ темперамент A6 | .06 | .32 |

Пирсоновиот коефициент на корелација помеѓу креативноста и соработливоста не е статистички значаен (r =-0.03, , а нема поврзаност на факторот соработливост не се статисички значајни, што значи дека не се поврзани со креативноста.

Табела 17. Линеарна регресија помеѓу Соработливоста и креативноста

Зависна варијабла: Креативност

| Равенка | Краток преглед на моделот | | | | | Проценки на параметар | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | $R^2$ | F | df1 | df2 | Sig. | Константа | b1 |
| Линеарно | .001 | .265 | 1 | 238 | .607 | 25.348 | -.032 |
| Растечко | .003 | .607 | 1 | 238 | .437 | 3.269 | -.003 |

Независна варијабла е Соработливост.

Констатација Од табела 17 исто така се докажува и со кривата за линеарна регресија во графикон бр.8 ( во прилог 1) .

Табела 18. Корелација на креативност и Совесност со нејзините компоненти

| | КРЕАТИВНОСТ r | p |
|---|---|---|
| СОВЕСНОСТ (С) | -.03 | .63 |
| Компетентност C1 | .03 | .60 |
| Потреба за ред C2 | -.02 | .80 |
| Исполнителност C3 | -.04 | .57 |
| Насоченост кон постигнување C4 | -.04 | .56 |
| Самодисиплина C5 | .03 | .66 |
| Промисленост C6 | -.02 | 76 |

Според некои релевантни истражувања во оваа поле, очекувано е да нема поврзаност помеѓу креативноста и совесноста на луѓето, тоа и го покажува добиениот Пирсонов коефициент на корелација помеѓу креативност и ниво на свесност кај 240 испитаници во истражувањето. Исто така ниту една од шесте субскали на овој фактор не покажува поврзаност со креативноста кај оваа група на наставници од средно.

Табела 19. Линеарна регресија помеѓу факторот Совесност и креативноста

Зависна варијабла: Креативност

| Равенка | Краток преглед на моделот | | | | | Проценки на параметар | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | R | F | df1 | df2 | Sig. | Константа | b1 |
| Линеарно | .001 | .227 | 1 | 238 | .63 | 24.687 | -.03 |
| Растечко | .000 | .008 | 1 | 238 | .93 | 2.974 | .000 |

Независна варијабла : Совесност.

Петата хипитеза која гласи дека со намалување на нивото на совесност се зголемува нивото на креативноста кај наставниците од средно образование истотака е отфрлена затоа што регресивната анализа исто како и коефиционтот на корелација помеѓу овие две варијабли покажува дека не постои поврзаност помеѓу нив.

Со цел да се предвиди вредноста на критериумската варијабли (креативност) врз основа на предикторските варијабли (совесност, екстраверзија, невротицизам, отвореност, соработливост), како и да се утврди колкаво е учеството на предикторските варијабли во варијансата на критериумската варијабла, применета е постапка на мултипла регресивна анализа (Табели 20, 21 и 22)

Табела 20. Коефициент на предикција помеѓу Креативноста и Отвореноста

| Модел | R | $R^2$ | Прилагоден $R^2$ | Стандардна грешка на проценка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | .397[a] | **.158** | .140 | 9.135 |

a. Предиктори : Совесност, Екстраверзија, Невротицизам, Отвореност, Соработливост

b.Зависна варијабла : Креативност

Во табела 20. во првата колона е прикажана коефициент на корелација помеѓу креати отвореноста кон ново искуство (оваа го утврдивме и погоре) значи, статистички позитивна корелација помеѓу креативноста и отвореноста. Во втора колона е пр коефициентот на детерминација кој покажува дека отвореноста кон ново искуство учес 15,8% во варијансата на креативноста ($R^2$=0,158).

Табела 21. Анализа на варијанса ANOVA[A]

| Модел | | Сума на квадрати | df | Среден квадрат | F | Значајност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Регресија | 3663.960 | 5 | 732.792 | 8.781 | **.000**[b] |
| | Остаток | 19527.336 | 234 | 83.450 | | |
| | Total | 23191.296 | 239 | | | |

a. Зависна варијабла : Креативност

b. Предиктори, C, A, O, E, N,

Добиените вредности кои се прикажани долу во табелата 22, Beta коефициентот и значајноста потврдуваат дека отвореноста е најдобар предиктор на креативност (β =0.402, p<0,01) наспроти другите предикторски варијабли C, A, E и N.

Табела 22. Статистици за предикторските варијабли[a]

| Model | | Нестандардизиран и коефициенти | | Стандардизиран и коефициенти | t | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | B | Стандардна грешка | Beta | | |
| | (Constant) | 18.819 | 13.176 | | 1.428 | .155 |
| | Невротицизам (N) | -.054 | .050 | **-.068** | -1.075 | .284 |
| | Екстраверзија (E) | -.143 | .069 | **-.127** | -2.055 | .041 |
| 1 | Отвореност (O) | .363 | .056 | **.402** | 6.477 | .000 |
| | Соработливост (A) | -.097 | .062 | **-.101** | -1.549 | .123 |
| | Совесност (C) | -.064 | .056 | **-.073** | 1.149 | .252 |

[a]Критериумска варијабла : Креативност

# ДИСКУСИЈА

Креативноста е важен сегмент како на индивидуалниот, така и на социјалниот живот на човекот. Таа е еден од најголемите двигатели на развојот на општеството, животот го прави полесен и поубав, а едниката повеќе отворена, исполнета и самоактуализирана. Меѓутоа, евидентно е дека кај луѓето постојат големи индивидуални разлики во креативната способност и создавањето оригинални материјални и духовни продукти. Оттука, психолозите кои работат во областа на креативноста со децении наназад се интересирале кои фактори влијаат врз нејзиниот развој, па спровеле бројни истражувања со цел да ја проверат поврзаноста на креативноста со различни варијабли. Меѓу другото, фокусот е ставен и на особините на креативната личност, со претпоставка дека стимулирањето на развојот на одредени личносни особини ќе ја поттикне и креативната продукција. Со појавата на петфакторскиот модел на личноста во психологијата, како и инвентарот на личност кој е конструиран врз основа на овој модел, во светот се спроведени бројни студии кои ја ставаат креативноста во релација со големите пет фактори на личноста.

Со оглед на тоа што во Република Македонија нема студии од таков вид, целта на овој труд беше да се истражи поврзаноста на креативноста со големите пет фактори на личноста кај наставниците од средно образование. Популацијата од која е извлечен примерокот кој учествуваше во истражувањето не е случајно одбрана. Како психолог кој работи во средно образование веќе 15 години, сведок сум дека креативноста на наставниците е тема која е игнорирана и многу тешко ѝ се дава простор во училница. Оригиналноста на наставниците скоро и да не доаѓа до израз, и никако не се стимулира кај наставниците кои ја немаат развиено во доволна мера. Училиштата немаат изградено некоја стратегија како креативноста да биде поприсутна во секојдневната работа на наставниците; традиционалниот пристап кон наставата сеуште доминира и покрај големите напори тоа да се смени. Покрај генералниот однос на занемарување на креативноста, неорганизирањето обуки за нејзино стимулирање, оптеретувањето на наставниците со доста административна работа, оваа ситуација дополнително ја отежнува

и немањето личен интерес на наставниците да креираат нешто ново во училниците. И самите наставници не преземаат одговорност да се доградат во тој правец, да ги развијат своите капацитети и потенцијали. Едноставно, тие влегуваат во наставната рутина и тешко излегуваат од неа. Овие впечатоци беа предизвик за иследување какви особини поседуваат наставниците кои се креативни.

Во иструвањето се појде одпретпоставката дека некои од цртите на личноста се позитивно, а други негативно поврзани со креативноста . Хипотезите беа поставени врз основа на наодите од други релевантни истражувања Беше предвидено Екстровертноста и Отвореноста кон искуство да потврдат позитивна поврзаност, додека Невротицизмот, Соработливоста и Совесноста да покажат негативна поврзаност со креативноста. Резултатите добиени од дескриптивната анализа на варијаблите покажаа нормална распределба на три од големите фактори, Невротицизмот, Екстроверзијата и Совесноста каде што поголемиот дел од добиените скорови спаѓаа во рамките на просечното ниво, додека помалиот дел под и над просечното, додека за факторите Отвореност и Соработливост нема резултати кои припаѓаат во потпросечното ниво. Од користењето на невербалниот тест на креативноста добиени се резултати кои испитаниците исто ги категоризираат во три категории, каде што поголемиот дел од нив спаѓа во просечното ниво (52,92%), дел во потпросечното ниво (43,75%) и многу малку во категоријата високо креативни (3,33 %).

За проверка на петте хипотези беше спроведена корелациска и едноставна регресивна анализа. Првата хипотеза која гласи: *Со зголемување на невротицизмот се намалува и креативноста кај наставниците од средно образование* е отфрлена поради добиена статистички незначајна вредност на Пирсоновиот коефициет на корелација. Во однос на поврзаноста на компонентите на невротицизмот со креативноста, се покажа дека две од нив се статистички значајно поврзани. Имено, добиена е негативна корелација со ранливоста, а позитивна со анксиозноста. Во согласност со вака добиените резултати се и податоците од релевантните истражувања кои не даваат еднозначни наоди за поврзаноста на овие две варијабли. Некои студии укажуваат на негативна поврзаност (Rothmann & Coetzer, 2003), помал дел на позитивна поврзаност (Grosul, 2010) , а некои дека не се

поврзани, освен кај специфична група луѓе, како што се уметниците, кои имаат тенденција да биде емоционално нестабилни, сензитивен, имагинативни и импулсивни (Feist, 1999).

Наставниците учесници во истражувањето постигнале најниски скорови токму на факторот невротицизам, а што се однесува до субскалите на овој фактор, највисоки аритметичка средина постигната е кај анксиозноста, додека најниска кај субскалата ранливост. Ниските скорови на првиот фактор т.е. невротицизмот би тербало да се очекувани за оваа категорија на луѓе, имајќи предвид дека станува збор за наставници чија емоционална стабилност е услов за продуктивна работа.

Линеарната регресија исто така покажува слаба поврзаност помеѓу невротицизам и креативност, графиконот покажува дека кривата на линеарна регресија се движи во негативна насока во дијаграмот.

Што се однесува до втората хипотеза која гласи: *Со зголемување на екстравертноста на наставниците од средно се зголемува и нивото на нивната креативност,* отфрлена е затоа што добиениот коефициент на корелација е незначаен . Како и кај невротицизмот, резултатите од претходни истражувања за поврзаноста на овие две варијабли се различни: некои студии потврдуваат дека овие варијабли се поврзани (King at al., 1996;Pretz & Wolfradt, 2001), додека други, напротив, укажуваат дека интроверзијата повеќе отколу екстраверзијата поттикнува креативен интерес и постигнувања (Eysenk, 1993). Што се однесува до компонентите на овој фактор, највисока аритметичка средина е постигнато кај субскалата срдечност, а најниската кај субскалата позитивни чувства.

Анализата на поединечните корелации на креативноста со компонентите на овој фактор покажуваат најниски корелации кај друштвеност и позитивни чувства. Овие ниски корелации наоѓаат поддршка во наодите од истражувањата кои покажуваат дека креативната личност има склоност кон негативни чувства и има ниска социјабилност ( Martinsen, 2011)

Податоците добиени со регресивна анализа,т.е. добиениот негативен коефициентот на движењето на кривата на линеарна регресија ја потврдува неповрзаноста на екстраверзијата и креативноста во истражувањето исто како што и распределбата на точките во дијаграмот ја потврдува независноста помеѓу овие две варијабли.

Повеќе студии, па и ова покажа дека од сите пет фактори отвореноста кон новото искуство е најмногу поврзана со креативноста заради тоа што опфаќа интелектуална љубопитност, имагинација, уметнички интересирања, оригиналност и либерални ставови (McCree,1987) кои воедно претаствуваат и карактеристики на креативната личност. Повеќе студии зборуваат за позитивна поврзаност помеѓу креативноста и отвореноста кон искуство (George & Zhou, 2001; King, Walker &Broyles, 1996; McCree, 1987). Третата хипотеза која гласи: *Со зголемување на нивто на отвореност кон искуство се зголемува и креативноста кај наставниците од средно образование* е потврдена, затоа што е добиенпозитивен и статистички значаен Пирсонов коефициент на корелација Ваквата поврзаност е резултат на тоа што субскалите на отвореноста кон ново искуство го претставуваат тоа што лежи во сржта на креативноста, како што се идеите, фантазијата или естетиката. Во дескриптивниот дел на статистичката обработка спомнавме дека скоровите на оваа варијабла се групирани во две груи, просечно и надпросечно и дека нема испитаници кои имаат ниско ниво на отвореност кон искуство. Вреди да се спомне дека иако доста испитаниците добиле високи скорови на субскалите естетика, идеи и фантазија, а при тоа добиле ниски скорови на креативност, сметаме дека доколку истите варијабли би се измериле на друг начин, а не со самоискази,, испитаниците би добиле поинакви скорови. Највисока аритметичка средина е постигната кај субскалата естетика.

Анализата на поединечните корелации на субскалите на овој фактор со креативноста покажува дека секоја од субскалите има статистички значајна корелација: фантазија, акција, емоции, вредности и идеи на ниво 0.01, додека естетика на ниво 0.05.Највисока креативноста покажала со компонентите акција и идеи .

Регресивната анализа исто така потврдува позитивна поврзаност помеѓу отвореност кон искуство и креативност, добиениот коефициент е значаен и во графиконот бр.8 во прилог 1, се гледа позитивната поврзаност во распределбата на точките блиску до кривата.

Четвртата хипотеза која гласаше дека со зголемување на факторот на Соработливост кај наставниците од средно ќе се намали нивната креативност исто така е отфрлена поради добиена ниска вредност на корелација помеѓу овие две варијабли. Коефициентот изнесува r= - 0.033, значи има негативна насока како што беше хипотетизирано, но вредноста не е

статистички значајна, исто така повеќето субскали кои го сочинуваат овој фактор доверба, искреност, алтруизам, соработка и скромност имаат негативна корелација, освен последната субскала - благ темперамент. Релевантните истражувања зборваат за интригирачката улога што ја има Соработливоста кога е во прашање креативноста. Истражувањата покажуваат дека ниското ниво на овој фактор е пронајдено кај еминентната креативност, но високото ниво на соработливост придонесува во секојдневната креативност или мало ц. Во ова наше истражување Согласноста е факторот на кој наставниците добиле највисоки скорови. Во однос на субскалите, највисока вредност на аритметичката средина е постигнато кај субскалата соработка, додека најниска во искреност . Тоа што во ова истражување се покажа Соработливоста како нај развиен фактор на личноста кај оваа група на испитаници најверојатно се должи и на хомогеноста на групата која има професија која ја потикнува токму оваа црта на личноста. Во големи групи како што се наставниците од средно, соработливоста како особина се развива заради заедничкиот интерес на наставата и целоквкупното фнкционирање на училиштето .

Регресивната анализа исто така покажа неповрзаност помеѓу овие две варијабли, тоа се гледа и по распределбата на поединачните случаи од самата крива и од коефициентот b1 -0.032 во табелата што означува коефициент многу блиску до нулата со статистички незначајност.

Незначајна корелација помеѓу совесност и креативност исто така беше очекувано, истражувањата на Феист (Feist, 1999) покажуваат дека креативните поединци имаат ниско ниво на самосвесност. Петата хипотеза која гласи: со зголемување на совесноста кај наставниците од средно се намалува нивото на креативност е отфрлена затоа што добиената корелација е незначајна и помеѓу овие две варијабли не се докажува поврзаност.

Линеарната регресија за варијаблите совесност и креативност исто како и коефиционтот на корелација помеѓу овие две варијабли покажува дека не постои поврзаност помеѓу нив, добиениот коефициент b1 =-.027 е статистички незначаен а графиконот покажува неповрзаност на варијаблите.

Ниту една од шесте субскали на факторот совесност не е поврзан со креативноста кај оваа група на испитаници, повеќето корелации се во негативна насока како што беше хипотетизирано, но вредностите многу ниски за да ја потврдат хипотезата. Овој фактор на некој начин ги содржи карактеристиките на личноста кои се најблиску до рационалноста,

Што се однесува до последната хипотеза, која гласи: Отвореноста кон искуство е најдобар предиктор на креативноста е потврдена со тоа што е добиениот коефициент на предикција е значаен на ниво ( $p<0.01$) што значи дека добиената позитивна корелација помеѓу креативноста и отвореноста во ово истражување може да се предвиди околу 15% . Како што е споманто во делот на релевантни истражувања, поврзаноста помеѓу креативноста и отвореност кон ново искуство е најстабилна споредено со останатите големи фактори на личноста кои различно варираат кај различни групи на испитаници. Најверојатно тоа е така затоа што токму овој фактор го сочинуваат субскали кои лежат во основата на самата креативност.

## Ограничувања и недостатоци на истражувањето

Истражувањето беше многу значајно искуство со сите свои предности и недостатоци. Доброто искуство на истражувањето е тоа што голем број наставници беа опфатени, некои од нив прв пат решаваа тест на личност и дефинитивно голем број од нив прв пат решаваа тест за креативност. Повеќето наставници добија и фидбек од тестовите, тоа беше голема мотивација за учествување.

И покрај придонесот на добиените наоди во разбирањето на поврзаноста на креативноста со големите пет фактори на личноста кај наставниците од средно образование во македонски културен контекст, треба да се укаже на одредени ограничувања кои би можеле да имаат влијание врз добиените резултати и кои би требале да бидат земени предвид.

Најнапред, во истражувањето е користен корелациски метод, така што е невозможно да се изведат каузални заклучоци од добиените податоци. Потоа, треба да се земе предвид дејството на некои релевантни варијабли кои не се контролирани во ова истражување, а би

можеле да влијаат на резултатите. Исто така, треба да се земе предвид и ограниченоста за генерализирање на наодите. Користениот примерок е пригоден, а не случаен и не е репрезентативен за целата популација наставници, така што добиените резултати се однесуваат само на учесниците во ова истрување. Недостаток во процесот на истажувањето, како што и се очекуваше, беше тоа што истражувањето временски многу траеше, доста наставници имаа отпор да пополнуваат тест заради предрасуди или страв од изложување. Самиот отпор кон тестот на креативност кажува многу, колку е далечна креативноста како појава на многу од наставничкиот кадар. Што се однесува до квалитативните недостатоци на истражувањето, како најголем недостаток е тоа што оценувањето на тестот за креативност многу зависи од искуството и перцепцијата на истражувачот, па за да се избегне субјективноста, пожелно е да има повеќе од еден оценувач што во ова конретно истражување не беше случај. За понатамошни истражувања на оваа тема, би можело креативноста да се измери и со други тестови, во кои доаѓа до израз и вербалниот, а не само невербалниот аспект, или преку протокли за опсервации на практичната креативност кои би дале повеќе информација за тоа дали и како наставниците ја користат својата креативност во училница.. Со овој тест на креативност само констатираме дали некој наставник е креативен или не, но тоа не значи дека истиот ја употребува својата креативност во училница, дали организира креативни часови или акции во училиштето.

# РЕЗИМЕ

Целта на овој труд е да истражи дали големите пет фактори на личноста се поврзани со креативноста кај наставниците од средно образование. Истражувањето е спроведено во текот на 2014 година, и со него се опфатени 240 испитаници, наставници од различни предмети од средно образование од три различни градови во Македонија. Креативноста е важна појава не само во одредени области или за еминентни кругови, таа е важна во сите области и за сите поединци и општества. Во светот во кој живееме, креативноста полека но сериозно го зазела своето место во секојдневниот живот, во секоја култура и професија. Во овој труд креативноста е објаснета во контекст на наставата, поточно кај носителите на образованието-наставниците. Измерена е преку **Тестот на креативно мислење-довршување цртеж** кој е оценет според 11 критериуми. Истите наставници беа тестирани и со **НЕО-ПИ-Р** тестот на личност, кој мери пет големи фактори на личноста : Невротицизам, Екстроверзија, Отвореност кон искуство, Соработливост и Совесност. Според релевантните истражувања кои потврдиле поврaност на некои од особините на личноста со креативноста, беше претпоставено дека некои од големите пет фактори се позитивно, а некои негативно поврзани со креативноста. Податоците се статистички обработени, користена е корелација, мултипла регресија и анализа на варијанса за да се проверат поставените хипотези. Од шесте поставени хипотези се потврдија само две кои беа поврзани со факторот Отвореност кон ново искуство, односно третата хипотеза која гласаше : *Со зголемување на Отвореност кон ново искуство се зголемува и креативноста кај наставниците од средно* образование и шестата хипотеза која гласи : *Отвореноста кон ново искуство е најдобар предиктор на креативноста кај наставниците од средно образование.* Другите хипотези беа отфрлени затоа што добиените корелации, и негативните и позитивните се ниски за да бидат значајни на некое од нивоата на значајност и да покажат поврзаност на креативноста со Невторицизам, Екстроверзија, Соработливост и Совесност.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Agronick, G. (1995). Enduringness and change in creative personality and the prediction of occupational creativity. *Journal of Personality and Social Psychology,* 69, 6, 1173-1183.

Alkeaid, A. A. (2004). Cross cultural perceptions of creativity: A sample from Saudi Arabia. (Unpublished master's project). State University of New York College at Buffalo, Buffalo, NY.

Amabile, T. (1996). *Creativity in context.* New York: Westview.

Amabile, T. M. (1983). Social psychology of creativity: A componential conceptualization. *Journal of Personality and Social Psychology*, 45, 997-1013.

Amabile, T. (1996). *Creativity in context.* New York: Westview.

Арнаудова,В.(1996) *Поттикнување и развивање на креативното мислење со техники на дивергентната продукција.* Скопје: Просветно дело

Арнаудова, В и Ачковска Лешковска, Е. ( 1996) *Ајде да мислиме како да мислиме.* Скопје:Детска Радост.

Barron, F. ( 1968). *Creativity and personal freedom.* Princeton,NJ: Van Nostrand.

Barron, F. & Harrington, D. M. (1981). Creativity, intelligence, and personality. *Annual Review of Psychology, 32*, 439-476.

Batey, M & Furnham, A. (2006) Creativity, intelligence, and personality: A critical review of the scattered literature. *Genetic, Social, and General Psychology Monographs* 132 (2006), pp. 355–429.

Boden, M. A. (2004), *The Creative Mind: Myths and Mechanisms.* -London: Routledge-. 2nd edn., revised/expanded.

